# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

## од Четвртото продолжение на Осумдесет и третата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 26.О9.2001 година

Седницата се одржа во сала 1 на Собранието на РМ, со почеток во 13,00 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше г-дин Томислав Стојановски, потпретседател на Собранието.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Да продолжиме со работа.

Вчера завршивме со репликите, а сега имаме нов список на пријавени дискутанти што го добив од служвите.

Претоа, пороцедурална бара збор г-динот Илјаз Халими.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Почитувани колеги пратеници, пред мене е списокот на пријавените пратеници за дискусија и бројот на веќе пријавените дискутанти е 4е. За да може сите овие пратеници да дискутираат потребни се најмалку 3 или 4 дена.

Второ, ако ги имаме предвид дискусиите на пратениците до сега по политички партии, веќе е јасно каков ќе биде исходот на овие дискусии, па и гласањето по барањето на политичката партија Нова Демократија. Според мојата математика околу 62 пратеници ќе бидат против ова барање, а околу 58 ќе бидат за ова барање. Значи однапред се знае какво ќе биде гласањето.

Затоа барам од предлагачот да го повлече ова барање и да не трошиме енергија и да се "препукуваме" овде еден со друг, а исто така и да не правиме политички маркетинг, затоа што се знае дека во јануари ќе има избори.Во интерес на времето, сакам предлагачот да се произнесе дали ќе го повлече ова барање или не.

**ТОМИСЛАВ СТСЈАНОВСКИ:**

Во врска со тоа што го кажа г-динот Илјаз Халими какво ќе биде гласањето не можам да кажам однапред, но му давам збор на предалгачот за да каже дали ова ќе го прифатат или не.

**РИСТО СПАНАКОВ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани пратеници, излегув абанално постојано да повторуваме дека немаме намера да го повлечеме предлогот. Мислам дека тоа треба да им стане јасно на колегите пратеници, без оглед на нивните политички желби и волји. Ме радува што слушнав и една бројка од 62 пратеници кои ќе гласаат против ваквата предлог одлука и се надевам дека веќе се е договорено во кулоарите како треба да изгледа и како треба да тече дискусијата. Но сепак, мислам дек аи покрај таквиот договор што се прави во сенка , сепак мислам дека овде треба да се продолжи со расправата по нашето барање.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

За другиот дел , колега, да ви кажам дека не можеме пред време да донесуваме заклучоци. Ако одиме по таа логика што ја имавме при усвојувањето на нацртот на амандманите, можам да кажам дека многу лошо беше, што значи треба да заклучиме дека не може да расправаме понатаму.

Продолжуваме со работа.

Има збор г-динот Лазар Китановски, но тој не е тука.

Има збор г-динот Александар Пандов.

**АЛЕКСАНДАР ПАНДОВ:**

Веднаш би сакал да му реплицирам на г-динот љјаз Халими и да го уверам дака не е во право со наговото тврдање и неговата матаматика, ако са сеќавам убаво, рача дека 62 пратеника ќе гласаат против, а 58 за. Го повикувам да го купи, а мислам дека ваќа го погледнал денашниот број на весникот "Дневник", када на страница 3 има натпис "СДСМ го менува својот став" но не можам точно да го цитирам насловот. Главно *е* дека го манува својот став и дака ќе се согласат со тоа, односно сега да на инпутирам дака на била согласни прад тоа , но дека го менуваат својот став и дака и тие ќе се борат , заадно со пратаничката група на ВМРО-ДПМНЕ и останатите кои се изјаснија так аза внесување, односно небришења на макадонскиот народ од преамбулата .

Што сакам да кажам со тоа? До вчера Александар Пандов имаше намера да излеза на говорница и сосема кратко да каже јас сум за референдум и да седне на масто. Во контекс на она што го зборуваше потпретседателот Илјаз Халими, времето не гази, има многу пријавени за дискусија, а веќе са кажани најголем дал од работите, но посла денашниот такст во "Дневник", кој што баше поткрепан, за разлика од голем број на дневни васници што пишуваат што ли не па нама никаква поткрепа, таму има и цитат на пратсадателот на СДСМ, кој што исто така потврдува дека курсот на социјал дамократите се менува. Која а поентата на ова што го зборувам?

Говорањато на пратеницита веќе има ефект, веќе не се на оној цврст став кој што го имале пред тоа. Гласот на народот исто така социјал дамократите го слушнале и веќе го изманила својот став. Јас са надавам и длабоко сум уваран дека барем неколку од нив ќе го сменат својот став и кон точката за рефарандум, така што по завршувањато на говорите, доволно е по таа матаматика 62 за, 58 против, тројца од нив да го сменат својот став од СДСМ, како што го сменила и за преамбулата и ќе биде многу поинаку. Друга работа што сакам да ја истакнам, што е многу поврзана со референдумот е следната. Јас јавно сакам да им се заканам на албанските пратеници не со војна, ни со мир како што голем број од тука постојано се заканува со тоа, но со моја калкулација дека во оној момент кога ќе почувствувавм дека им е од голем интерес на ДПА и ПДП да се одржи односно што поскоро да започне седницата, јас ви ветувам дека ќе седам во некоја друга сала, но сигурно нема да бидам во оваа сала ќе чекам да седнат сите до еден од нив, па дури тогаш да почнеме, како што гледаме сега дека има по двајца претставници и од ПДП и од ДПА. Мислам дека е крајно невкусно во вакви битни времиња да се калкулира со нивното присуство однонсно неприсуство. Затоа што ако ние имавме доблест па сите до еден од ВМРО-ДПМНЕ да бидеме присутни и по оние точки кога им е битно на албанските пратеници, треба да имаат барем политичка култура нешто поголем број нивни пратеници да испратат и да го слушнат гласот на другите пратеници кои имаат поинакво мислење за оваа точка од нив.

Би сакал да кажам уште неколку работи зошто го подржувам референдумот и зошто ќе гласам за. Точно е дека помина втората фаза и дека во моментот во Република Макеоднија има јавна расправа во која секој новинар, секој интелектуалец, професор на факултет, секој кој се чувствува компетентен или некомпетентен може јавно да коментира и ако најде простор во медиумите јавно да го каже своето мислење за или против Рамковниот договор. Нема да кажам ништо ново ако кажам дека во најголем дел главните уредници и уредниците на весниците и телевизиите имавме прилика да ги слушнеме. Правниците кои исто така се компетентни да коментираат за овие уставни промени исто така ги слушнавме, односно ги слушнавме нивните ставови. Мислам дека нешто што не можевме да слушнеме, тоа е обичниот граѓанин, човекот кој можеме да го сретнеме сега кога би излегле на улица и да го прашаме каков е неговиот став. Тој човек нема да има можност и нема медиум каде што може да се обрати.

Затоа, референдумот мислам дека е најадекватно , најправно, најморално решение. Зошто? Имаме некој ден недела, кога секој еден граѓанин на оваа држава со својата легитимација ќе може во некое училиште или месна заедница, во зависност од тоа каде се наоѓа во изборниот список да отиде таму со своето семејство или сам и во тој момент да се почувствува пратеник. Значи нашиот мандат како пратеници да му го пренесеме нему и своето "за" или "против" најдирекно со некое пенкало да го пренесе на хартија. Не гледам причина зошто тоа право би им го одземале на граѓаните, зошто секој еден новинар тука горе што седи или било кој вработен тука во Собранието, луѓево тука што ги водат стенографските белешки, кои ни ги даваат картичките и се задолжени за компјутерските списоци, зошто да не им го дадеме тоа право , повторно ќе кажам во некој ден недела тие да се почувствуваат пратеници и да го кажат своето мислење по повод овој Рамковен договор.

Исто така, мислам дека вчера имаше дискусија г-динот Мерсел Биљали, во која не уверуваше како тоа би било неправно и неправилно 51 % односно најголем дел од македонските граѓани нема да го подржат Рамковниот договор, и однапред тоа го знае дека така ќе биде, и најголем дел од албанците ќе го подржат. Сепак бројките што ги кажуваше беа во корист на тие кои што нема да го подржат. Сега го поставувам прашањето до г-динот Биљали. Во ред, јас се согласувам 40% ако го подржат, а не се усвојува нивното право, дека нема после да помине тој Рамковен договор, нема да им биде право на тие луѓе. Но што правиме со овие 60%? Тие јасно и гласно велат не ни се допаѓа нам Рамковниот договор и ние гласаме против него. Ако биде тоа така, вие така го прикажувате, за разлика од вас г-дне Биљали , јас сум длабоко уверен дека македонците потпомогнати од нивнит еполитички репрезенти во името и презимето на ВМРО-ДПМНЕ, на СДСМ, на сите останати македонски апртии, потпомогнати од медиумите, пишани и електронски , дека

во најголем дел исто така ќе го прифатат Рамковниот договор, зато ашто тука се изнаслушавме еДеН куп позитивни работи што се ќе ни донесе тој Рамковен договор. Ако е тоа така, јас не гледам причина зошто, зарем нашите граѓани не знаат да просудат што е добро, а што е лошо и ако е тој толку добар, јас исто така сум уверен дека процентот на позитивно изјаснети граѓани на тој референдум ќе биде поголем од оние што ќе се изјаснат негативно.

Сега имам една дилема. Освен г-динот Абдурахман Алити, кој имаше доблест и излезе на говорницата и јавно кажа дека со овој Рамковен договор сите барања , политички и незнам какви не на албанците ќе бидат задоволени, никој друг од вас не излезе да каже дека соовој Рамковен договор 100% од барањата на албанците ќе бидат задоволени, туку сите останати велат велите дека овој Рамковен договор е компромис, најголем дел од барањата се задоволени, но тоа е можеби 80%.

Поставувам јавно прашање до вас, кое би сакал исто така да ми бид еодговорено. Имено, кои се тие 20% од ваши незадоволени барања и би апелирал, ако ги имате, исто така да ги ставите во форма на амандмани за да бидат прифатени, затоа што во обратен случај ќе остане исто така сомневање кај мене дека после година или две тие 20% повторно ќе станат пречка во сожителството односно заедничкото живеење меѓу македонците и албанците.

Повторно ќе кажам, ве повикувам тука на говорницата за да кажете во што Рамковниот договор не ги задовлува вашите барања, кои Се тие 20% кои најчесто така беа кажувано, дека 80% се задоволени, постојат 20% кои не Се, јас ве повикувам да ни ги кажете тие 20%, затоа што од 25 пратеници само еден пратеник имаиш говор во кој што кажа дека сите барања според него се задоволени. Сите вие останати кажувате дека не се. Јас ве повикувам и да кажете кои не се.

Зошто тоа го зборувам? Заради тоа што на крајот на краиштата и во референдумот можеби тие 20% од барањата ќе бидат доволно големи, па албанските дле од населението да се изјасни против, иeто така овој Рамковен договор да му биде неприфатлив. Во тие 20% може да се пронајде повторно граѓанин кој Ќе рече мене овој Рамковен договор не ми ги задоволува барањата. Ја си понатаму ќе се чувствувам како човек од втор ред, јас и понатаму моето граѓанско право на рамноправни граѓанин со макеоднците Не го имам исполнето со овој Рамковен договор. Повторно ќе се јави некој нов Шпати, некој нови Али Ахмети, кој што исто така ќе излезе и ќе се качи на Тетовското Кале и ќе каже јас Не сум задоволен, поради тоа јас ќе правам вакви и онакви немири. Значи, ве молам да излезете и да ни кажете кои се тие и мислам дека повторно ќе седнеме, ќе се договориме и мислам дека ќе ги испегламе и тие барања.

Сосема на крај, можеби не е во точката за референдум, но би сакал да се обратам до Социјал демократите до целито Македонски парламент, до сите граѓани и чисто да направам едно потсетување. пред нколку месеци лидерот на ВМРО-ДПМНЕ повикуваше на вонредна состојба и јас сега ќе ве потсетам да направиме паралела со Американската држава. Имено, после два дена по случувањето на несреќата во Менхетн и Вашингтон , Америка се најде во вонредна состојба. Дали сега вие исто така го гледате г-динот Џорџ Буш како човек кој е милитант или кој сака да облекува генералска униформа кој што сака војни или незнам што , или гледате како пример како се справува со тероризмот во светот и како развиените демократски држави се справуваат со тоа зло.Сосема на крај да кажам, зна!и ќе го подржам предлогот на Нова Демократија кој е многу умесен, можеби малку задоцнен, но многу дилеми кај мене ќе ги расчисти, и после гласањето и излегувањето на луѓето на референдум.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

За реплика се јави г-динот Демуш Бајрами.

**ДЕМУШ БАЈРАИ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани колеги пратеници, тоа што беше спомнато во врска со политичката култура на одредени пратеници односно пратеници албанци, јас можам само нешто да кажам тука. Сите вие видовте, но јавноста немаше можност да го види тоа пред да почне седницата, дека сите пратеници албанци или поголемиот дел од пратениците албанци беа присутни тука. Тоа се гледа и по самите картички дека беа тукаприсутни и таква поврзаност нема. И кога би било така, што не е, но и кога би било така ние сме сведоци на тоа дека поголемиот дел од пратеници се македонци, имено, тие се повеќе од 90 пратеници и кога тие би биле тука не би се случило седницата да почне со

непомалку од два часа задоцнување. Значи, тука се гледа кој доцни и кој не е заинтересиран за оваа седница , па можеби оваа седница не е привлечна ниту за нас ниту за јавноста. Како што беше речено и еден пратеник албанец, не интересна целата негова дискусија.

Тоа што беше во врска со неисполнувањето на сите барања на албанците кои се тука, мислам дек ане мора да одговориме по барање на било кој пратеник што ќе излезе и ќе побара од нас секој поединечно да каже дали е задоволен или не е , кога се знае дека тоа е решение на еден компромис, спогодба постигната со компромис и како таква таа е пред нас и треба да одлучуваме за тоа. Секаде каде што има лимити за одреден дел на граѓани значи тоа е нерамноправно, па јас мислам дека и оваа Охридска спогодба е нерамноправна, туку од самиот пат што таму се наведува една бројка од 20%. Значи, тука веќе имаме поставено лимити за одредени граѓани во РМ, значи секаде не сме рамноправни, тоа е повеќе од јасно за целата јавност. Друго е што некој со закани, уцени или нешто друго мисли и размислува на политичко профитерство, но тоа мислам не е време за тоа.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

За реплика се јави г-динот Александар Пандов.

**АЛЕКСАНДАР ПАНДОВ:**

За да нема некоја забуна јас исто ќе му повторам на г-динот Демуш Бајрами. Во 11,00 часот секогаш сум тука присутен и на наредните седници секогаш ќе бидам присутен мојата картичка ќе се наоѓа во системто за гласање, но двајца пратеници само од 15-ет члена пратеничка група, а исто и од другата коај брои 10-тина пратеници, но 25 пратеници се албанци. Само тројца има во салата и тоа е така се додека не почне седницата. Кога ќе почне седницата можеби ќе влезе уште еден или двајца. Јас ќе присуствувам на тие седници но сите до еден треба да бидете присутни тука, да ве видам дека сте седнати, ќе се создаде кворум и после тоа јас ќе седнам. Јас не повикувам тука на бојкот, мојот стил на однесување кон вашите точки на интерес на седницата, мојот однос ќе биде таков. Картичката ќе биде тука.

Второ, дали тоа е компромис или не е компромис, јас не гледам како може да биде компромис, што вие давате, што вие како албанци изгубивте со овој Рамковен договор.

**АЛЕКСАНДАР ПАДНОВ:** (продолжение)

Не ми е тоа поентата. Понетата ми е каде се гледате понатаму загрозени, затоа што тоа премногу ми створа страв дека и да помине како ваков Рамковниот договор вие се чувствувате како граѓани од втор ред, што не знам 20% имало некаде некои точки, некои амандмани. Дајте да ги испегламе и тие, да нема такви фрустрации кај вас, после година-две да не бидат тие 20% изговор за некој нов Али Ахмети да се појави во планините, некој нов шпат и уште незнам како не таму се викаат. Затоа јас ве повикувам, не ве прозивам, јавно да кажете кои точки тука ве фрустрираат, кои ве прават да се чувствуваат како граѓани од втор ред, дајте и тие ќе ги испегламе, да биде после се во ред, затоа што вака јас нема да имам можност, не се чувствувам сигурен дека ја правам правата работа. Правам нешто што е само козметички измени кои што само привремено ќе ја смират работата, за година, две или три за повторно да ни јават истите работи што беа досега.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ**:

Има збор Билал Љутфии.

**БИЛАЛ ЉУТФИИ:**

Ви благодарам потпретседателе, многу краток ќе бидам.

Лично како пратеник не сум толку сериозен да учествувам со цела сериозност во оваа седница од причина што сум убеден дека овој дневен ред на оваа седница, што долго трае, веројатно и ќе трае, а со материјалните средства што ги трошиме за оваа седница сигурно наштетуваме на државата, сум убеден дека е во штета на сите граѓани на Република Македонија, е во штета и на нас овде што дискутираме. Го велам ова од причина што ние ги гласавме амандманите. Сега тие се во јавна распава, на некој начин сите граѓани во Македонија имаат право и можност да се искажуваат по тие амандмани и пак според процедурата треба да бидат овде. Така да логично нема причина за некаков си референдум и уште дотолку повеќе што сегашниот Устав не е донесен по пат на референдум.

А, што му фали на Рамковниот договор, што му фали на тие амандмани не сакам да ги елаборирам, да одземам многу време, но може да се направи една споредба меѓу Уставот од 1е74 година и Уставот односно амандманите за кои сите се залагаме да се врши промена, така да биде еден Устав приближно прифатен за сите.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Има збор Ристо Спанаков.

**РИСТО СПАНАКОВ:**

Почитуван потпретседателе, сакам да реплицирам на излагањето на г. Билал Љутфии само во еден сегмент, околу нанесените штети и околу чинењето на овие седници.

Јас сакам да кажам само една работа. Ниту една седница, ниту еден разговор овде во Собранието, колку и да трае не е толку скап колку што е она што беше направено во виорот на неразумието, во теророт и агресијата на Република Македонија. Тоа е непроценлива работа, така да според мене многу е подобро ако треба тука и сто дена да разговараме на тие теми и за овие прашања за кои што сега разговараме отолку еден ден да имаме разурнување, палење на куќи, бркање на граѓани од своите огништа, расселени лица и што ли се уште не.

(неколку пратеници бараат збор за реплика).

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Луѓе, реплика, на што реплика?

**НИКОЛА ЈОВАНОВСКИ:**

Нешто за трошоците, на излагањето на пратеникот Билал Лутфии. Нешто спомена и колегата Ристо Спанаков, неспоредливи се трошоците за една седница на Собранието, или две со она што е нанесено како штета на Република Македонија. Тоа е само една хипокризија ако го покренуваме таквото прашање.

Второ прашање, направив споредба со Уставот од 1е74 година, во бившата СФРЈ.

Токму албанците во Косово во 1е81 година не го признаваат Уставот од 1е74 година. Според тоа таа паралела ја врши. Расправата треба да тече, затоа што е демократска расправа, дали ќе има референдум или не ќе покажат гласовите на крајот и тоа јавноста ќе го процени.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Ова не се однесува само на предлагачите, туку и на оние што стојат зад предлогот за референдум во Република Македонија.

Мене ми е совршено јасно предлагачите се Нова демократија за Предлог на одлука за распишување на референдум во Република Македонија. Но некои од нив не знаат дека се под сенка и покрај тоа што тие го имаа дадено таквиот предлог и ја играат аргатската улога на ВМРО-ДПМНЕ односно улогата на газдата Љубчо Георгиевски. Не е проблемот дека Нова демократија има дадено предлог за референдум, туку проблемот е што ВМРО-ДПМНЕ и покрај тоа што има потпишано за Рамковниот договор за промена на Уставот на Република Македонија тие се попишманиле и немаат смелост да кажат тука дека се против тој потпис на самиот лидер и дека се пишманиле, па сакаат да придобијат во хаос. Инаку, ако нема хаос во Република Македонија таа пашана не ќе може да опстане во власта.

**ЃОРЃИ КОТЕВСКИ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани пратеници.

Излегов само со една единствена цел за да укажам дека одредени пратеници прават голема заблуда не само кај нас во ова Собрание туку и во јавноста во Република Македонија.

Со чиста совест сакам да ви укажам дека поранешна Југославија сосема друга држава, организирана на друг принцип, врз друга идеологија и во друг политички систем. Од 1ее0 година Република Македонија,посебно со донесувањето на новиот Устав има друго уредување, друг начин. Според тоа не може Уставот од 1е74 година, во поранешна СФРЈ да се толкува како нешто со континуитет што треба да трае во Република Македонија. Ние имаме повеќе партиски систем во државата, имаме плурално општество и имаме нов Устав, имаме граѓански права, имаме малцински права итн. Поранешна Југославија беше сосема нешто друго и тука ќе застанеме, да не правиме заблуда апсолутно. Тоа не може да трае во континуитет, ниту има било какво правно дејство оваа држава Република Македонија.Исто така сакам да укажам дека пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ, никогаш ниту се плашела од 1ее0 година, ниту се плаши ниту ќе се плаши. Ако и треба пратеници за да покренат прашање за донесување на одлука за референдум слободно ќе го донесе и апсолутно никаков лидер за оваа иницијатива на нашите колеги од Нова демократија, тоа нивни личен акт и ние само се придружуваме во една демократска расправа за која сметам дека сите вие трезвено и добронамерно ќе учествувате, како што учествувавте во претходните расправи, до еден во полн состав, дури и со лидерите на СДСМ, лидерот на ДПА и пратеничката група на ПДП. Тоа е однос, тоа е кодекс на однесување. Мислам дека не треба да ги вовлекуваме нашите лидери во работи за

кои навистина во овој миг се апсолутно непотребни. Тоа си е суверено прашање кое тие го поставија во овој Палрламент и ние релевантно расправаме и ќе одлучуваме, дали позитивно или негативно ќе се види.

**БИЛАЛ ЛУТФИИ:**

Апсолутно пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ не ја идентификувам со г. Котевски.

**МЕРСЕЛ БИЛАЛИ:**

Благодарам г. потпретседателе, морав да се јавам од причина што бев поименично именуван од страна на г. Пандов. Имено, чувствувам дека секој ден постанувам се повеќе религиозен. Искрено кажувам секој ден се молам на Господ да ги чува граѓаните од лажните патриоти. Мора да се обраќам на Господ затоа што институциите ги нема во Република Македонија. Едноставно прашањето е многу јасно, било што да кажеме тука, секој што има просечна интелегенција мислам дека го сфаќа бидејќи референдумот со одделни критериуми во одделно време, во одделни околности може да биде демократично средство, може да биде аутократично средство може да доведе до анархија. Јас искрено прашувам, едноставно, без да теоретизирам. Еве постапката во Собранието. Собранието ќе донесе одлука да се распише референдум. После два месеца ќе имаме референдум. Нека ми г. Пандов како ќе изгледа месецот јануари, февруари, март итњ, што ќе имаме, што состојба ќе имаме тогаш и политичка и економска и воена и како сакате, за да можам, ако тој навистина ме убеди дека таа состојба ќе биде корисна и позитивна јас сум спремен да гласам, ама затоа сакам да го слушнам каков ќе биде исходот, Што корист од тоа ќе имаме. Како ќе биде завршницата.

Моето предвидување е, а мислам и на секого кој има минимална интелегенција не просечна и мислам дека после тоа ќе имаме само катаклизам, војна, хаварија, економски санкции, ќе имаме сиромаштија и социјални експлозии. Ако не е така тогаш не само г. Пандов, туку и предлагачите нека ме убедат, навистина дајте завршницата да ми се објасни мене како ќе изгледа, јас можам да гласам за. Еве ви ветувам дека ќе гласам за.

**РИЗВАН СУЛЕЈМАНИ:**

Јас навистина се појавив овде на некој начин да се одзовам на повикот на господинот да ние сега одговараме на прашањето што не ни одговара во овој Рамковен договор.

Прво, би сакал да кажам дека тоа е неумесно и неучтиво да се постави директно прашање на некого, затоа што истиот тој може да ви постави некое незгодно прашање на кое не ќе можете да одговорите. Затоа мислам како начин на работа јас никогаш не го применувам. Но, во секој случај сакам да објаснам дека така поставено прашање, првенствено е воопштено и релативно прашање, затоа што секој од нас има различни стандарди, прашања и видувања за една иста работа.

Поставеното чисто прашање што ми одговара и што не ми одговара и што ќе произведе овој Договор секој од нас има различни видувања и различни стандарди. Што ќе се случи, навистина димензијата иднина е преголема, затоа што не и се знае крајот. Впуштајќи се во една димензија што е иднината ние секогаш постои реална опасност за да се изгубиме во таа голема димензија. Јас едно знам. Во Република Македонија ќе имаме хармонично општество ако имаме стабилна демократија, ако функционира правната држава. Ако имаме нешто во планините од една или од другата страна ќе зависи токму од овие два параметри. Но, она што денеска можам да констатирам, а исто така да поставам прашање е дали и понатаму во оваа Република Македонија ќе сака, ако не до крај во овој момент, но во иднина да се промовира друг механизам на уредување на нештата освен она што е пропишан закон. Односно да се промовира референдумот како начин на уредување. Ако денеска не помине овој референдум прашање е дали после шест или после една година некому не ќе му текне да собира 60 гласа и да распишува референдум да речеме за избор на некои нов механизам за донесување на Устав, што не е предвиден ниту со овој, ни со идниот. Ако нешто баш конкретно еве мене не ми одговара е токму тоа што ни со овој новиот Устав не еерегулирано на соодветен начин, начин на покренување на прашање од витален интерес за меѓунационалните односи, како што е референдумот за кој што вие прашувате. Токму и на тоа требаше да се обрнеме. Затоа што некои знаеја дека некому ќе му текне и за вакви прашања да свикува референдум и сега оваа работа да падне.

Едно од тие прашања што лично мене не ми се допаѓаат е токму тоа, што ова прашање дури со новиот предлог не е регулирано, затоа што секому некогаш ќе му падне на памент да свикува референдум и да донесува еднострана одлука.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Има збор г. Александар Пандов, па г. Спанаков.

**АЛЕКСАНДАР ПАНДОВ:**

Прво ќе му одговорам на г. Ризван Сулејмани, бидејаќи ми е потазе.

Господине Ризван Сулејмани, ниту еден пратеник од ВМРО-ДПМНЕ, ниту пак од поддржувачите на референдумот, до сега немав можност, сто посто сум уверен, ниту ќе имам можност да слушнам да го кажат следново - ако помине рефернідумот ќе има војна. Или - ако пак се осудите да не го гласате референдумот, ќе предизвикате војна, ќе ги изиритирате дотолку македонците, ќе излезат, ќе направат хаос во државата. Ниту еден така не се заканува.

И, ве молам, повторно, не умесно е од ваша страна и понатаму да не трескате на говорницата, мислам тоа не го правите, но, да ни праќате пораки дека што ќе се случи ако помине референдумот и ако се пролонгира, не знам какви се сценаријата, а со тоа се алудира крајната цел е, ете ќе се предизвикуваат повторно немири вакви и онакви настани.

Исто така, г. Ризван Сулејмани јас не памтам дека ниту Шпати, ниту Оџа, ниту не знам таму како се викаат тие команданти, така наречени, не рече, затоа што лошо е регулирано прашањето по референдумско изјаснување на граѓаните - јас земав оружје во рака и се одметнав во планина. Барањата таму ги немаа на почеток, додуше луѓето, после некој им ги кажа какви треба да бидат. Беа од сосема поинаков карактер. Сега, да не си кажуваме тука гачки дека токму точката како тоа ќе биде решено, референдумското изјаснување на граѓаните, може да предизвика несакани последици. Моето прашање до вас беше кое прашање од суштинско значење за вас, прашање што повторно ве прави фрустрирани во оваа држава, што повторно ве прави незадоволни од вашиот личен статус да се најде, не вие, туку некој друг, кој повторно ќе прави нереди во нашата земја, во нашата татковина.

Имено, тука би се обратил до г. Мерсел Биљали. Јас, г. Биљали бев сто постотно уверен дека после гласањето во овој Парламент за Штул-овиот универзитет кој што ви овозможува студирање на вашиот мајчин јазик, на вашиот албански јазик, дека сите политички барања ви се вам задоволени. Искрено ви кажувам дека сто посто бев уверен и после кога полемизирав со моите другари, моите сограѓани, комшии кои ми велеа а, бе, слушајте вие вака, вие онака правиате, многу отстапки на албанците, јас им велев -слушајте со ова е последната отстапка, после ова можем8 да зборуваме за даночната стапка на автомобилите дали е висока, е превисока, дали градинките треба вака или онака, вака да бидат организирани, дали градскиот превоз, не знам со што се се занимава овој Парламент. Околу тие прашања дека ќе зборуваме. А, никако дека ние ќе зборуваме сега за референдум, за Рамковни договори или не знам што.

Шест месеци не поминаа како го изгласавме тој универзитет, видовме дека всушност ништо ние не сме задоволиле. Дека ни 10% од барањата на албанците не сме задоволиле. Сега, како очекувате од М8не јас повторно да немам резерва дека тие 20% кој голем број од вас тука ги напомнаа не се после, после година дена, нема да станат 100%.

**АЛЕКСАНДАР ПАНДОВ**: (Продолжение)

Значи, тоа е реална состојба. Реална состојба беше дека вие, во Клубот на пратениците зборувавме - е, да го донесеме Законот за високо образование, готово. Со вас сум зборувал, со албанските пратеници. Самиот се самоубедив, се скршив, гласав. Гласаа моите сопартијци. Не поминаа шест месеци, испадна дека не било тоа така. Како повторно, не знам по кој пат веќе на говорницава ви го поставувам прашањето да немам јас резерва према вас, затоа што вие и пред 10 години бевте вие истите политички репрезенти на аллбанците и сега. Дали има 5-10 пратеници плус или минус кои не биле од почетокот на 1ее0 година.

Значи, тоа е она што, не само мене, сите граѓани, истите тие кои ги уверував дека правиме правилен чекор со Штуловиот универзитет, сега ми велат: - нели Пандов, што е сега работата? Немаат доверба. Нема разбирање.

Вие не изнесувате, пак ќе ви кажам доблесен беше само господинот Абдурахман Алити да каже јавно на говорницата - со ова 100% од барањата се исполнети, сите барања на албанците се задоволени со ова. Сите останати оставате тука големи резерви.

За мене не се тие ниту 20%. Многу се поголеми од 20%.

Мислам дека имам полно право, на крајот на краиштата, како претставник на мојата изборна единица да го пренесам она што создава сомнеж кај моите сограѓани. Тоа право го правам сега. Не гледам зошто се наоѓате погодени. Повторно ќе ве повикам и мислам дека апсолутно не е политички некултурно, неумесно да барам од вас тие дилеми да ми ги разјасните. Или, преку еден демократски дијалог да повторно некого од вас видам преку писмо вака како не бил задоволен и дека ќе ме гледа преку нишанот и така ќе разговара со мене. Затоа ве повикувам, сега сме тука, супер е. Разговараме. Дајте да видиме кои се вашите други останати барања, да ги исполниме и тие.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Има збор господинот Ристо Спанаков.

Се јавил и тој за реплика. Држам до редот кој кога се јавил.

Господинот Спанаков има збор.

**РИСТО СПАНАКОВ:**

Почитуван потпретседателе, би сакал да реплицирам на господинот Мерсел Биљали, бидејќи го повика предлагачот да се искаже околу одредени работи.

Би прокоментирал следново, бидејќи г. Биљали искажа едно видување за тоа, доколку се одржи референдум каков ќе биде исходот од референдумот, би сакал да го прашам вака јавно да ми каже од каде го знае исходот на референдумот каков ќе биде? Ако е толку видовит, па да тоа го предвидува, ако сте го читале Нострадамус можеби сте и видовит, би сакал да ве прашам, токму тоа ме интересира, ако веќе сте го предвиделе исходот на референдумот, тогаш јас морам да ви поставам прашање - како го знаете тој исход? Дали мислите дека со овие уставни промени, што се прават сега во Република Македонија, Македонскиот народ ќе биде до толку незадоволен што верувате дека тој Македонски народ на таквиот референдум 100% ќе изгласа против уставните промени што се предвидуваат со Рамковниот договор? Тоа е моето прашање што сакам да го одговорите г. Биљали.

А, ако сте веќе толку видовит, и да кажувате што ќе се случи после евентуалното такво изјаснување на референдумот, што понатаму ќе донесе беда, сиромаштија, војна итн, јас би сакал да ве прашам сега да ми одговорите со вашата видовитост што ќе се случи доколку пак се усвојат уставните промени, вака предвидени?

Морам да ви одговорам дека предлагачот кога го поставува како точка на дневен ред токму ова прашање, многу сериозно размислил околу сите аспекти на усвојувањето на уставните промените, според Рамковниот договор и ги согледува евентуалните можни последици што ќе настанат после таквото усвојување.

Исто така, се согласувам со сите аспекти и на она што значи усвојување на уставните промени, односно неусвојувањето на уставните промени предвидени со Рамковниот договор. Зарем не мислите дека е најдобро сите овие работи да се испревенираат односно да се елиминираат сите можности за евентуални кризи во Република Македонија и по едното прашање и по другото прашање, затоа што на сите состаноци каде одиме како колеги пратеници, со меѓународни посматрачи, тука дојдени преговарачи итн ни се укажува на следнава работа: или го прифаќате или ќе имате војна.

Па, кој може во име на граѓаните, освен тие самите да одлучат што сакаат. Дали ќе сакаат мир или сакаат војна. Треба да им ги објасните сите работи. Доколку ги усвоите промените на Уставот предвидени со тој Договор, ќе живеете во едно изобилство, мед и млеко ќе ви тече покрај вас, но треба да знаете дека овие работи треба да бидат прифатени.

Вториот елемент е, доколку се одлучите да не го прифатите таквото изобилство, тогаш вие сте исправени пред одлуката да прифатите војна. Што таа носи, јасно ви е.

Токму гледано од тие аспекти предлагачот нема намера ниту да го повлече барањето, туку сериозно да размислиме и да разговараме.

Благодарам на вниманието.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Биљал Љутфиу не е тука.

Има збор г. Оломан Сулејмани.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Почитуван г. потпретседателе, дами и господа пратеници, Очигледно дека овие денови расправаме за иницијатива на Нова демократија за распишување на референдум, со кој референдум, евентуално, граѓаните би се изјасниле против измените односно дополнувањата на Уставот на Република Македонија. Меѓутоа, не ми е ова дискусија, сакав во вид на реплики, односно објаснувања да им одговорам на одредени

пратеници без име и презиме, бидејќи не би сакал да ...

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Колега, држете се само на оние кои говорат. На тие кои се без име и презиме, оставете ги кога ќе говорат. Овде е сега реплика.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Токму заради тоа не ги спомнувам за да не се почувствуваат спомнати па да ми реплицираат. Потпретседателе, треба да прават разлика помеѓу тоа што денеска расправаме и пред неколку дена што расправавме во врска со иницијативата на претседателот на државата во врска со изменувањето и дополнувањето на Уставот на Република Македонија.

Прво, да бидеме јасни и ние пред себе и преку нас да им разјасниме на нашите граѓани. Многумина пратеници овде се изјаснуваат дека за тој референдум, и така би било правилно да се изјаснуваат граѓаните на Република Македонија. За жал, тие граѓани се поделени на две групи. А тоа, според нив, што дискутираат, на македонци, а од друга страна се албанци. Забораваме една работа, бидејќи и ден денеска во Македонија имаме многу сериозна ситуација, кога УЧК се разоружува, фактички на тој терен каде некој размислува дека ќе може да се спроведе тој референдум, ќе нема услови за таков референдум. Меѓутоа, ако некој мисли дека само право е иа Македонците да се изјаснат против измените и дополнувањата на Уставот на Република Македонија, мислам дека тој ем самиот себе се лаже и ги лаже граѓаните, бидејќи за такви огромни теми и теми за кои што треба граѓаните да се изјаснуваат, морам да реагирам на оваа работа, бидејќи ваква прилика граѓаните на Република Македонија имаа 1999 година, кога преку референдум се изјасниja за суверена Република Македонија. Тука се согласувам, бидејќи во тоа време сите бевме на исто мислење дека требаше да се поддржи онаа иницијатива, бидејќи баравме да се утврди независноста преку нашите граѓани.

Меѓутоа, во овие околности, нивно право е што предложија ваква иницијатива, но мислам дека во овие околности и моменти тешко може да се изведе на теренот бидејќи пред малку реков на терен ни се случува нешто дурго. Па се поставува едно логично прашање, после Рамковниот договор што се потпиша во Охрид, во кој договор се потписите на нашите лидери, четири кои се, јас мислам дека оваа контра офанзива од одредени груби пратеници, се ја сфаќам како политички маркетинг односно да се поентира врз ситуацијата која, за жал, ни се случува во Република Македонија. Ние сме исправени пред една реална ситуација во државата каде што без измените на Уставот на Република Македонија, во државата ќе ни се случува она што ни се случува впрочем овие 6 месеци.

Се согласувам со сите оние умни пратеници кои здраво размислуваат дека од таква една ситуација најмалку добиваат граѓаните на Република Македонија. Најмногу добиваме сите ние кои се боревме за рамноправноста, за сите граѓани во Република Македонија. Зад овој Договор се знае дека стои Европската унија и зошто да не кажеме дека и одредени асоцијации, почнувајќи од НАТО и сите ред други асоцијации.

Поставувам едно прашање до сите колеги, од овие несогласувања, оти се поставува прашањето дали ќе се исполнат сите барања на албанците со овој Рамковен договор. Јаснема да одговорам директно на ова прашање, меѓутоа индиректно да. Ќе го цитирам ценетиот правник, стручњак, господинот Роберт Бадинтер, кој неодамна и свежо е за сите нас, рече од Рамковниот договор не излегоа задоволни двете страни.Што значи македонската страна и албанската страна. И, за него, тоа беше еден компромис за да се излезе од кризата во која Република Македонија се најде.Меѓутоа, да бидам попрецизен во ова, ние немаме ни морално право како пратеници да зборуваме во име на идните генерации кои генерации можеби поинаку ќе размислуваат за соживотот меѓу нив. Или побогат да биде или културен натпревар да биде, па државата, Република Македонија, впрочем ние сите размислуваме во таа насока да биде во Европаската унија, во големите фамилии на Европа и така сите да велиме дека границите нема да претставуваат нешто, само ќе бидат така, фигуративно може да се рече. Затоа не можеме со голем национализам или некој романтичен национализам кај одредени пратеници, да се прават дека се големи македонци, дека се тие кои ја спасуваат Македонија и ред други работи.

Завршувам со една реченица. Верувајте дека таквите пратеници, Македонци, дури се смешни пред нивните избирачи, бидејќи се вили "после свадба тапани". Имаме Рамковен договор, во кој Договор треба да решаваме ние а не да ја префрламе топката кај избирачите кои

ниту најмалку се виновни за оваа ситуација во која се доведе Република Македонија.

Благодарам.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Ви благодарам и јас.

Има збор Аслан Селмани.

Ќе ве молам колега Селмани, опростете ми за интервенцијата, немој да биде исто што и со колегата. Ако сакате да давате реплика ќе се однесува на реплика. Ако сакате да држите говори, ќе го почитуваме редот.

**АСЛАМ СЕЛМАНИ:**

Да, реплика во однос на поставени тези кои ете, неколку дена тука се мачиме како треба да ја предвидиме нашата држава да чекори кон иднината со висок и голем просперитет.

Рамковниот договор го сфаќам како еден круг што ги зближува сите потреби и сите настојувања на сите граѓани и на албанците во Република Македонија да ги уживаат своите права и да ги почувствуваат. Па, во тој однос сметам дека треба да се почитува потписот на нашите лидери на најголемите политички партии. И покрај тоа што сум јас друга политичка партија го почитувам, затоа што тие, со тоа сакаат да изградат една нова архитектура, архитектура на соживот и архитектура на иднината на оваа држава.

Имам впечаток и се носам со мислење дека тука ние, понекогаш, настојуваме да го скараме минатото со сегашноста. Ако тоа го правиме, а изгледа го правиме иднината ќе ни биде бедна и безперспективна.

Често пати тука слушам разговори, дискусии дека Македонскиот народ се брише од Уставот. Не е точно. Тоа е обична лага. Нашите настојувања беа и се дека оваа држава треба да биде граѓанска демос држава. Настојување на светските глобални политики. Одиме кон глобализација на процесите кон Европа. Ние ќе мораме да се вклучиме ЕРЕБУ - системот. И покрај тоа што е зајдисонце, но тука е тркалото на демократските процеси денеска во Европа. ЕРЕБУ - значи Европа.

И, кога велиме дека Македонскиот народ се брише од Уставот, тоа е обична лалга. Затоа што нацијата ниту се брише, ниту се создава со устави. За време на Турската империја 530 години Македонците и Албанците немале Устав, но биле и Македонци и Албанци. Со тоа минато ние треба апсолутно да расчистиме еднаш за секогаш.

И, кога разговараме за сегашните состојби, овој Парламент е крив за оваа држава. Мораме да ги сносиме сите одговорности. Треба да бидеме мажи, навистина да ги сносиме тие одговорности.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Колега, на кого е реплика ова? На кого? Ве молам, ќе ве прекинам,извинете.

**АСЛАН СЕЛМАНИ:**

Сакам да му кажам на Пандов дека албанците со овој Договор се согласиле и ќе бидат коректни кон почитување на сите тие нормативи. Тоа сакав да го кажам.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Има збор колегата Пандов за реплика.

**АЛЕКСАНДАР ПАНДОВ:**

Баш ми е мило ако колегата Селмани е 100% задоволен. И, гледам исто и кај нив промена на курсот во говорите, односно секој ден сега нов говорник од пратениците албанци се изјаснува дека 100% од барањата негови сега се задоволени. Тоа многу ме радува, искрено многу ме радува.

Едно не го разбрав г. Селмани, имено, тука г. Селмани ни објаснуваше народ, нација, па сите сме Македонци. Дали, еднаш да доживеам, не г. Селмани, било кој од последните редови таму да каже дека тој, кога ќе излезе од Македонија, па и во Македонија се нарече Македонец. Значи, не дека е ова или она, туку дека во буквална смисла на зборот сфатиле што е нација и тој е Македонец. Тој не е ниту македонски албанец, не е ни ова, не е ни она, он е македонски државјанин, има пасош на Република Македонија и како таков се чувствува како македонец, се декларира како македонец. Ако е тоа навистина така како што сега го зборуваше г. Селмани, посреќен човек од мене не постои. Барем еден сум сретнал таков Албанец и тој е еден никулец на она што значи веќе создавање на вистински соживот.

**АЛЕКСАНДАР ПАНДОВ: (ПРОДОЛЖЕНИЕ)**

Јас за разлика, ако е тоа така и ако добро сум гор разбрал, повторно ќе кажам дека порадосен човек од мене не постои. Затоа што, сите досега албанци што јас ги познавам, апсолутно се декларирале ка-ко албанци и како ништо друго и кога излегувале од Република Македо-нија се декларирале како албанци. Во таков случај можам и да ја раз-берам тезата дека македонскиот народ не се брише од преамбулата, де-ка сето тоа се релативизира и сите ние сме македонци. Јас, ако е тоа така, би сакал нека го потврди

повторно господинот Селмани и заедно со него рамо до рамо да ја шириме таа идеја, која што уште пред 10 години сме ја зборувале тука како македонци, но дека еве веќе постојат и албанци кои што ја прифатиле. Благодарам.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Повелете господине Сулејмани.

**ОЛОМАН СУЛЕЈАМНИ:**

Мораме да сфатиме, јас неколку пати во овој Парламент сум укажувал на следново, дека се гордеам што сум припадник во едно време во прелом од едниот период или од темниот милениум во новиот светлосен со нови светогледи. Секој мора да сфати, а и јас тоа го сфаќам и го прифаќам дека татковина и мајковина е Македонија и морам тука да ги уживам правата според Уставот на Бога и сите во тоа мораме да се сложиме.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Можене да заклучиме, отидоа овие реплики кој што сакаше да каже кажа, а сега за збор се јави Талевски Александар.

**ТАЛЕВСКИ АЛЕКСАНДАР:**

Почитуван потпретседателе, почитувани колеги пратеници, Јас моето излагање ќе го почнам на следниов начин. Имено, веќе неколку колеги, особено од албанската националност потенцираа дека расправата околу референдумот е веќе безполезна, умртвена и дека треба да се прекине. Јас ќе потврдам дека е тоа така, дека е умртвена, но не мислам дека треба да се прекине. Имено, самиот старт на расправата за референдумот беше миниран и ќе ве потсетам од писмото пратено од пратеничката група на ДПА, со кое што се бараше одложување за два дена, па потоа настапи викендот, па во викендот се случи-ја некои интересни контакти помеѓу одредени политички лидери, зошто уште биле разговори, а не контакти. Со тоа уште повеќе се внесе труд да се умртви целата таа постапка. Кога веќе тргна, оние мајстори за умртвување, оние наши колеги со своето мошне големо искуство знаат како да ја умртват целата состојба и целата таа постапка околу референдумот, очигледно успеаја. Така што времето малку не гази, но се-пак мислам сеуште не е доцна да истакнеме некои предности во врска со распишување на референдумот.

Прашањето е зошто да се распише референдум. Почитувани колеги пратеници, овие промени што ние како политичка партија треба да ги поддржиме и ние како Собрание да ги донесеме и да ги операционализираме во секојдневието, сепак, се однесуваат за граѓаните на Република Македонија. Потенцирам граѓани на Република Македонија, за-тоа што тие уставни промени се однесуваат и на македонците и на албанците. Имено, без оглед на тоа дали ние ќе ги донесеме или не уставните промени, нивната операционализација, нивното прифаќање е сепак во рацете на обичниот граѓанин на Република Македонија. Поради тоа, се поставува прашашето зошто страв од одредени политички структури од распишување на референдум. Затоа што и да не распишеме референдум ако граѓаните на Република Македонија не ги прифатат уставните амандмани, почитувани колеги пратеници, ние апсолутно ништо не сме направиле. Кој тоа ќе ги почитува, за кого тоа ќе се однесуваат тие уставни амандмани. Тоа прашање е круцијално и мислам дека треба да му се посвети малку повеќе внимание, отколку арогантна најава за напуштање на власта, арогантна најава за правење паралелен референ-дум од страна на некои албански политичари и тн. Сепак, треба малку подлабоко да се анализира тоа шрашање. Имено, овие големи промени што ги правиме, покрај тоа што значат голема промена во нормативниот дел на Уставот, се носат во еден неверојатно кус временски период. Во еден временски период каде што граѓаните на Република Македонија не можат да ги согледаат одредените оправданости за одредени уставни промени.

Исто така, препорачувам на оној дел од македонскиот народ, на оној дел на граѓаните на Република Макеоднија кои се од албанска припадност и кои велат дека на ова ќе одговорат со паралелен референ-дум, препорачувам сето тоа и сите тие работи и сите тие деанија на политичките партии да ги споиме во една насока, така што и почитувани-те граѓани на Република Македонија од албанска националност да се изразат дали се за прифаќање на Рамковниот договор од Охирд. Имено, ако направиме една анализа на бројки, ќе дојдеме до заклучок дека стравот, дека Рамковниот договор од Охрид ќе се отфрли, е неоснован. За-тоа што, албанците цело време се фалат дека Рамковниот договор од Охрид е прифатен 10 0% во делот на граѓаните на Република Македонија од албанска нацискналност. И, ако на тоа се додаде одреден дел од македонската популација која што би го поддржала Рамковниот договор, јас апсолутно не гледам страв зошто да не се рапише референдум. Ед-ноставно, поплитичките

партии во Република Макеоднија треба да сфа-тат дека за да стартуваат добро уставните промени треба да покажеме едно заедништво како макеоднски и албански партии, да распишеме референдум и тој референдум да биде успешен. Што е проблемот да не биде тоа така?

Почитувани колеги пратеници, ние ќе имаме многу поголем проблем ако ги усвоиме уставните амандмани на Уставот на Република Македонија, а тоа не го прифатат граѓаните на Република Македонија. Кажете ми како ние тогаш како Собрание ќе постапиме? Ние можеме да се затвориме во оваа сала и да донесуваме одлуки онакви какви што нала-га времето, какви што налага нашето опкружување и тн., едноставно тие треба да бидат, односно да се операционализираат на теренот. Ние овде можеме да се затвориме и да гласаме денеска надвор да врне дожд. Но, апсолутно тоа нема да се случи, затоа што не можат некои работи да се протуркаат само низ Собранието.

Опасноста референдумот да не биде изгласан, што некои колеги пратеници потенцираа и дури ја доведоа во опасност за избувнување на повторни воени немири во Република Македонија, сепак, ќе треба да претрпат посериозни политички анализи. Затоа, што е разликата ако го одбиеме, ако на евентуален фererендум се одбијат уставните промени или пак ако Собранието ги донесе уставните промени, а народот не ги прифати. Ајде кажете ми ја квалитативната разлика помеѓу тие две работи.

Затоа, ја користам оваа можност да апелирам до моите колеги пратеници, со одредена добро осмислена медиумска кампања, со одредено добро анализирано политичко дејствување врз граѓаните на Република Македонија и оставање на еден временски период, сите овие промени да доживеат едно зреење кај граѓаните на Република Македонија и на тој начин да дозволиме да се изразат преку референдум, за кој што јас длабоко сум убеден дека ќе биде успешен. Во тој случај ќе ја отстраниме опасноста, ние како Собрание на Република Македонија да донесеме одлука за измена на Уставот на Република Македонија, а тоа надвор од овие ѕидови не биде прифатено.

Затоа, апелирам до моите колеги пратеници да ја поддржат оваа иницијатива за промена на Уставот. Ќе реагирам во делот, на амандманскиот дел за промена на референдумското прашање и мислам дека на тој начин што референдумското прашање би било дали сте за усвојување на промените предвидени со Рамковниот договор од Охрид би можеле заеднички да настапиме и да ја тргнеме таа, по мене, најголема опасност во врска со усвојувањето на амандманите. Благодарам.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Му благодарам на господинот Александар Талевски.

Господинот Рубенс Наумовски. (Не е тука).

Стојковски Благоја се јавува за збор.

**БЛАГОЈА СТОЈКОВСКИ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани пратеници, еве неколку дена расправаме за битно прашање, така барем ние изјавуваме, а по интересот колку не има овдека, можеме и да заклучиме колку тоа прашање е битно и дали навистина како народни избраници на тоа прашање му посветуваме вистинско внимание.

Морам да кажам дека изминаа веќе 10 години на наше живеење вооплуралистичкото демократско општество, ни многу, но ни малку, за да се види до каде дојдоа и до кој степен стигнаа демократските процеси, посебно во нашето општество. Општество, во кое институциите како што се Парламентот, Владата, независното судство во овие изминати 10 години ги добија своите услови, претставени, пред се, преку законодавната власт, Парламентот и пратениците и извршната власт, Владатасо своите институции. Власт, која е добиена преку демократски слободни демократски избори на кои граѓаните на нас пратеници ни го дадоа својот глас, а со тоа и правото да одлучуваме за што подобро остварување на човековите права и граѓанските слободи, за владеење на правото, обезбедување на мир, социјална правда, економска и друга сигурност, кои мораме да кажеме и начела се зацртани во нашиот Устав. Значи, навистина станува збор за институција наречена пратеник, која морам да кажам, после мое седмогодишно членување во Парламентот, посебно во години сега во последно време се почесто ја спом-нуваме како институција. Институција пратеник, пратеник кој добил мандат, пред се од граѓанинот. Но, според мене и најдоговорен пред граѓанинот. Оваа институција пратеник, морам да кажам, дека во последниве 10 години дожиева најмал прогрес. Морам да кажам дека пратенико во Парламентот, пред се, одлучуваше партиски, посебно ако таа партија ја имаше и Владата. Не се прашуваше граѓанинот, не

се прашуваше ниту му се одговараше на многу прашања за кои тој граганин гласал или просто кажано просто немаше птореба да се слушне гласот на народот, затоа што го слушавме гласот на Владата или на владеачката партија, без разлика за кој мандат зборувам на Парламентот.

Инаку, морам да кажам дека ако сакаме да го слушнеме гласот на граѓанинот, како сега што бараме, тој граѓанин не знам дали ќе ни дадеше согласност да изгласаме и дали немаше многу работи да не праша за овој изминат, еве, тригодишен период, бидејќи сме во овој состав. Дали ќе дадеше согласност за распродажбата на стратешките објекти, за Законот за амнестија, за резултатите од претседателските избори, за прислушкување, за поделба на кредитите таканаречени од Тајван и дали ние пратеници овдека или наши сопруги или сопрузи зедовме од тие тајвански кредити, колку зедовме и што хипотека ставивме. Верувам дака сигурно ќе не прашаат и за тоа како е вработувањето и е невработеноста и зошто е таква. Зошто сеуште имаме скоро никаков индустриски раст. Зошто сеуште имаме двоцифрени банкарски камати за кредити кои ги бараме за да го развиеме стопанството, а без него немаме ништо. Сигурно ќе не прашаат кој и како ги пушти Хабиби, Асани, Велија, кој и како ги купи фирмите. Сега најново што прашуваат е тоа каде е поранешниот, еве да не кажувам министер, да не кажувам имиња на одбрана, да не кажувам за она што го кажа премиерот. Одговор од нас немаат, но одговор ние пратеници ќе го добиеме на следните избори. Верувам дека граѓаните повеќе нема да веруваат во милијарда долари без работа, во безбројни фарми без пари, во стотини спортски сали, во илјадници вработувања, во социјални станови од 1000 ДМ, во најмала плата од 10 00 ДМ, во позитивна енергија и во релаксирани меѓуетнички односи. Верувајте дека тоа граѓаните веќе нема да го проголтаат. Многу од нас тоа го знаат добро, знаат што не чека на следните избори и сега се сетија на неговото величество граганинот. Граѓанинот кој прашува, зошто вие пратениците во Парламентот не изгласавте, како што целиот свет изгласа и кој го даде заклучокот дека оние во Танушевци, зборувам за Танушевци, не се терористи, туку екстремисти. Тој беше независен пратеник, а сега е во една друга партија. А, после тоа се расправате со саати дали се терористи или екстремисти, иако ви изгласавте дека се екстремисти, не терористи. Да, точно е и потполно точно. Сега, граѓанине, мораш ти да одлучиш, зашто немам ништо против, мора ти да одлучиш за измените на Уставот, бидејќи да се повикувам како пратеник дека немам легитимитет за измени на Уставот, но имам легитимитет да го донесам тој Устав. Така е и донесен Уставот во 1991 година без распишување на референдум. Значи, сега немам право да ме-нувам, а имам право да го донесам најголемиот акт во една држава и нема што друго, освен, ете, да ти кажам дека сепак многу те почитувам.

**БЛАГОЈ СТОЈКОВСКИ**: (продолжение)

Меѓутоа, поставуваш прашање и велиш изгледа пратениче дека и во оваа многу тешка состојба во Македонија вие во Парламентот сепак сакате да купите политички поени, бидејќи се наближуваат избори. Вие не спомавте многу во Парламентот како дојде до заземање на наши територии. Не спомнавте многу за раселените и иселените граѓани, за разрушените домови, дури ретко, чест на исклучоци дојдовте да не видите каде и како живееме.

Граѓанине, опрости, ние во тоа време како Парламент не работевме со месеци, па како можевме тебе да те посетиме и да те прашаме како е. Тоа не требаше да се случи, но еве сега нашата одгворност ќе ја префрлиме на тебе граѓанине, сега ти биди одговорен за се она што натаму може да се случи и ќе ти ја дадеме, за мене најголемата демократска можност да се изјасниш како граѓанин преку референдум, но овде во Парламентот никој ништо не кажавме дали со сигурност може да кажеме инаку е само прашање дека сето ова нема да доведе до обновување на она што го имавме до пред некој ден , дали ова нема да предизвика нови разушувања на домови, културно историски споменици, запалени куќи и дали овој кревок мир ќе остане за да нема повеќе човечки жртви. Тоа никој од нас овде неможе да го каже како што и за многу други работи неќе може. Мора да кажам тешко ќе биде на сите, но најмногу ќе биде на иселените и раселените граѓани, протерани од своите огништа, но ние одговорноста ја префрламе на тебе граѓанине, а институцијата пратеник ќе продолжи и натаму да дебатира и ќе објаснува, а ти ќе слушаш и ќе се прашуваш, дали навистина имаше расправа за Рамковниот договор и дали расправавте за Рамковниот договор и за содржината на нив . Дали на нас граѓани кои ете не сме во можност да ги добиеме сите весници и да

прочитаме , но вас ве гледаме , ни објаснивте што содржи тој Рамковен договор и што содржат тие анекси на договори и што направивте на последните седници . Некои рекоа утврдуваме нацрт амандмани на измените на Уставот, нацрт амандмани по кои се пружа можност сега до вас граѓани без разлика, прво викам граѓани потоа институции, научни, владини , невладини организации да го кажете своето мислење по овие нацрт амандмани за да потоа ние во Парламентот одлучуваме по нив сумирајќи ги сите ваши искажувања.

Граѓанинот рече една ваква работа дека при расправата за Рамковниот договор, точно многу малку расправавме за Рамковниот договор, се сетив на една работа, граѓанинот е моја генерација, на време како деца немавме друго, имавме натпревар во далечинско плукање. На таа седница имаше натпревар не во далечинско плукање, туку плукање во поголеми плуканици врз функции и личности . На таа седница ни збор, меѓу другото, не прозборевме за кризните подрачја од Кумановскиот и Тетовскиот регион. Не ни кажавте на таа седница расправајќи или како тој што рече плукајќи, барем една конструктивна дискусија во која ќе имаше искажување за интерес на граѓаните, туку изигрувавте "големи патриоти" и "издајници" или "предавници". Но, не рековте кој дозволи да бидат заземени територии меѓу кои двете брани со што ние граѓаните останавме месец и повеќе без вода за пиење, а над 100.000 жители сме.

Вие пратеници по поднесениот амандман за да се добие вода за пиење во тој град и на тие граѓани во тој кризен регион вие пратеници не гласавте и покажавте голем патриотизам. Гласавте за спортски сали и за многу други паттчиња и сето она што требаше, меѓутоа и тоа е потребно на граѓанинот, тука немаме забелешки.

Вие овде исто така по предложениот амандман за кризните подрачја од Куманово и Тетово за да се ослободат, бидејќи тие добија најголем данок што можеа да го добијат војната , таму не постои земјоделие не постои сточарство, не постои индустрија, не постои производство и кога поднесовме амандман да се прифати овие да бидат барем ослободени ниту министерот ниту пак вие пратеници го гласавте. Но, исто така тоа да го оставиме на страна, ги усвоивте нацрт амандманите и освен преамбулата за која ќе зборувам во втората точка, бидејќи таа е главна за измена на преамбулата, нешто од нормативниот дел на Уставот што се менува да ни кажете, па еве накратко иако не сум правник накратко сакам да кажам дека во нормативниот дел до сега во Уставот на две места во два члена се спомнува Македонскиот народ и тој во нормативниот дел останува.

Што друго со Рамковниот договор се постигна? Се постигна Македонија останува унитарна со целосен интегритет врз секоај педа на својата територија. Во Македонскиот јазик и Кирилското писмо се службен јазик на цела територија на Македонија. Во единици на локална самоуправа каде има значителен број над 20% граѓани кои не го зборуваат мнозинскот јазик е дозволена употреба и на јазикот на малцинската заедница , но секогаш со употреба и на македонскиот јазик и на Кирилското писмо. А со ова морам да ви кажам дека некаде 70-тите години во сите општини каде имаше поголем број на етникуми и малцинства службените гласници на тие општини излегуваа и на Македонски и на Албански и на Македонски и на Српски, зависи во која општина каков број имаше на малцинско население. Тогаш никому тоа не му пречеше, сега ни пречи или да кажам донесовме Закон за оваа работа, но тој Закон немаше уставна основа и беше поништен од Уставниот суд, сосема исправно.

Припадниците на заедниците кои се малцинство имаат право да основаат културно-уметнички - образовни институции како научни и други здруженија заради изразување , негување и изразување на својот иденти-тет. Не постои во ЕУ ни една земја која ова го нема зацртано и потполно се согласувам со ова, обележјата исто така мораат да имаат уставна рамка за да не ни се случи на избори во 1999 година, на изборно место сликав слика и испратив до ДИК истакнато знаме на туѓа држава. Кога збо-руваме за знаме на заедница е сосема друго. Овде знаме на туѓа заедница село Никуптак. Да не дозволиме да имаме правна регулатива на сето тоа.

Во основното и средното образование наставата ќе се изведува на мајчин јазик но и со изучување на Македонскиот јазик. И ден денеска во сите основни и средни училишта тоа функционира.

Во Републичкиот судски совет сега , во Уставниот суд порано и сега јас не паметам дека некогаш сме избрале Уставен суд или Републички судски совет во кој немало застапеност на малцинства. Еден нека каже поранешниот Уставен суд, сегашниот, Републичкиот судски совет

порано и сега избравме нов Републички судски совет сето тоа е во функција. Сега се бара сето тоа да се овозможи да биде правно регулирано, затоа што во Европа предимство има правната регулатива. Сето она што се изведува вон правната регулатива неможе да има никакво влијание.

Значи, сакам да кажам овие работи кои ќе бидат натаму на дискусија ќе има расправии, ќе има многу умни, паметни дискусии кои сигурно кај нас ќе предизвикаат внимание, да го направиме и тоа.

Најнова новина за мене е формирање на Комитетот или за закони кои директно го засегаат , тоа треба да го прочитаме амандманот, културата, употребата на јазиците, Собранието одлучува со мнозинство гласови од присутни пратеници при што мора да има и мнозинство на припадници на заедници за кои се одлучува. До колку има недоразбирање се бара мислење од Комитетот за односи меѓу заедници во кои сега влегуваат покрај до сега кажаните во Уставот на Македонија , Македонци, Албанци, Турци, Власи, Роми и прв пат сега влегуваат Срби и Бошњаци. Лично за мене е новина, лично оваа новина ја посакувам за да таму се расправа за сите недоразбирања што ги имаме за да не дозволиме без разлика за кој период зборуваме, да не дозволиме на партиските лидери или на партиските врхушки да одлучуваат за меѓуетничките односи, па ако им дозволиме на нив без да имаме ваква широка расправа, тогаш верувајте ќе имаме многу релаксирани меѓуетнички односи кои на крај резултираа со војна. Тоа мора да се заложиме да го оствариме.

Почитуваи пратеници, во ова време довербата меѓу граѓаните пред се од Албанска и Македонска националност мора да кажам дека е на една критична граница, критична точка затоа што некои зедоа оружје, при земање на оружје - оружјето не служи за пишување, оружјето служи за убивање. Загинаа многу грагани на Македонија, разрушени се и уништени многу домови, се создадоа многу бездомници, се срушија многу културно-историски споменици, многу домови се запалени, разграбени и морам да кажам дека недовербата е голема. Враќање на оваа доверба е наша обврска да ја создадеме. Морам да кажам дека недовербата е голема и кај Македонците кои прашуваат каде е крајот на Албанските барања. Прашање кое мора да кажам дека и јас често си го поставувам во изминатиот период, бидејќи секогаш ми беше кажувано Уставот ние Албанците не го гласавме. Дискусија која се слуша меѓу граѓаните, меѓутоа морам да кажам една работа овде. Не дискусија на еден или двајца пратеници кои ги искажаа работите каде се и до каде, сакам нешто друго да кажам. Сакам да кажам дека и граѓанинот од Албанската националност исто така со недоверба гледа на овој Рамковен договор кој е предизвикувач на сите овие Уставни промени кои треба да следат натаму. Се плашат и прашуваат дали и овој пат ќе бидеме изиграни како што многу пати бевме изиграни при дадените ветуваша посебно кога требаше да се одвива некое гласање. Ние знаеме што беше и како беше, не сакам овде од говорницата да повторувам, мегутоа постои таа недоверба, постои и мислам дека за сите мои одговори , моја дилема, мое прашање дека ние прв пат во овој Парламент усвоивме Рамковен договор, ние го усвоивме Рамковниот договор 91 глас, ако не грешам , не е битно не ме земајте за збор, за кој гласа и Македонци и Албанци и други припадници на другите етникуми. Прв пат.

Уште нешто . Овој Договор го изгласавме во Парламент и оставете ги ветувањата, барањата и дискусиите, дискусиите и ветувањата ќе бидат заборавени, сега имаме Договор, Договор кој реков го гласавме ние пра-тениците, меѓутоа има уште една работа. Секогаш до сега се одеше и каде да се одеше било во Советот на Европа се зборуваше дека ние Албанците не го гласавме Уставот, дека не апроизлегуваат обврски и тн. Сега на овој документ ние имаме и потпис на САД затоа што Пердју е Пердју тој е претставник на САД, имаме потпис на ЕУ што сакаат натаму нека прават нема , тоа е за мене крај , не е крај дискусија на пратеник од Албанска националност или на пратеник од Македонска националност. Тоа значи дека Меѓународната заедница ја сака Македонија како унитар-на држава и сака Македонија да биде членка на ЕУ, да организира дона-торски конференции за помош, за обнова на разрушеното, но и да одобри средства за економски развој, бидејќи по искажувашето на нашиот премиер мора да сватиме дека сме веќе во економски колапс и те како се потребни, пред се за развој на економијата која ќе побара нова работна рака, ќе ги ангажираме нашите млади за да работат, а не да размислуваат за други работи, ќе овозможи во нашата Македонија создадеме ефикасни, силни, способни по терк на Европа, по терк на Америка безбедносни

сили кои нема веќе да дозволат на било каков терорист или екстремист како сакаме да го крстиме да заземе и педа земја од оваа наша Македонија.

Знаејќи дека економскиот развој е двигател за подобро утре, гласав за Рамковниот договор длабоко убеден дека во една мултиетничка држава концептот на владеење на граѓанинот е најисправно решение, а сега и во нашите дискусии сите се повикуваме на граѓанинот.

По мое длабоко убедување морам да кажам, неможам да сватам дека човек на човека треба да му дава или да му одзема некои права.

**БЛАГОЈА СТОЈКОВСКИ**: (Продолжение)

Не сум против референдум. Уште еднаш ќе потенцирам дека тоа е најголемо демократско право на граѓанинот. Меѓутоа, почитувани пратеници, се прашувам дали е време сега, само тоа се прашувам дали сега е време за референдум, дали не е време одговорно ние да се однесуваме, затоа што одговорно одлучуваме за мир, за територијален интегритет и унитарен карактер на нашава држава, одлучуваме за обнова за се она што е разрушено, за сигурност и безбедност на граѓанинот, кој ни дал легитимитет за тоа.

Време како пратеници да не бегаме пред одговорноста, да не бараме смирување на совеста, да не бараме, во овие тешки моменти. граѓаните кои не знаат како да состават крај со крај, како да најдат пари да се подготват за зима, како да најдат пари да ги пратат своите деца во училиште, да ги оптоваруваме уште со други проблеми. Тие граѓани верувале во нас, верувале дека ќе им ги вработиме децата, верувале дека ќе живеат во мир и подобро од вчера. Затоа, ако не сме способни сето тоа да го направи, ако не сакаме да ја преземеме одговорноста што ни е дадена, тогаш најдобро е да се повлечеме од овие клупи. Нашата неспособност, неодлучност, себичност, да не ја скриваме зад граѓанинот и нивното право на одлучување. За многу работи не го прашавме до сега. Тие знаеме дека сакаат мир, мирен живот за себе и за своите деца, работа и плата. Ако некој сака војна, ако некој, не велам дека ќе биде војна, чесно е да признае зошто со неа се мисли дека ќе се прикријат сите, а верувам дека ги нема во Македонија, нечесни, валкани и криминални работи. Верувам дека ги нема во Македонија.

Јас се определувам за мир. Иднината на моите деца ја гледам и сакам да биде во Македонија, немам друга татковина. Таква шанса сметам дека дава Рамковниот договор кој е и предизвикател на сите овие наши дискусии. Мислам дека треба што побргу овие работи да ги имплементираме, затоа што сум длабоко убеден дека има шанса за заеднички живот. Убеден сум дека и мнозинство граѓани тоа го посакуваат и ќе го потврдат, дали на референдумот што го заговараме, или пак ќе го потврдат пред гласањето. Јас се плашам само дека со референдумот само процесот ќе го одолжиме, на обновување, на враќање на раселените и иселените, затоа што мора да бидеме свесни дека во месец декември и јануар не се работи, тогаш не се тие месеци за градежни работи. Тие граѓани ќе сакаат да се вратат. Оние кои имавме можност да ги видиме нашите села какви се, ќе мора да водиме сметка и за тоа. Се плашам и од друга работа. Дали кревкиот мир кој сега владее, мора да кажеме дека е кревок, нема да го доведеме во ризична состојба и нема ли можеби вратите на соживот во Македонија за секогаш да ги затвориме. На нас овде ни падна да ја понесеме одговорноста, како што им падна на граѓаните колеги пратеници од првиот состав да го донесат Уставот. На нас ни падна одговорност и од таа одговорност за измените не смееме да бегаме, затоа што сите сакаме да го сочуваме мирот, да ја сочуваме Македонија, да им дадеме шанса на нашите деца дека во својата држава ќе работат и ќе живеат подобро во Македонија, во која приоритет ќе биде економскиот мотив. Но, сето тоа да го решиме ние. Да не оставаме да го решаваат нашите синови, или барем да може да им кажеме, направивме се што можевме, да се направи. Војната секогаш останува како опција, но откако ќе ги исцрпиме сите можности на разумно разговарање. Затоа, не дека сум против демократското изјаснување на граѓаните, ниту пак можам да претпоставам како ќе биде резултатот од референдумот. Секој кој ќе си земе за право, морам да му кажам дека многу греши, незнае дали сето тоа ќе биде. Кај мене остануваат овие дилеми, затоа што сето ова што го набројав, кревкиот мир, прекин на меѓународната помош, невозможно за обновување на домови за враќање на раселените луѓе, створа дилема и сакам да тие луѓе бидат среќни, а со нив и ние овде. Таа одговорност да си ја преземеме на нас, а за нас дали добро сме

одлучиле, за нас дали добро сме одлучиле најголем референдум ќе имаме како е запишано во Рамковниот договор, на 27 јануари кога ќе има избори. Тие што погрешивме, граѓанинот тогаш ќе гласа за нас и ќе каже што мисли. Нема поголем референдум. Тоа ќе биде референдум, а сега да им ја овозможиме на граѓаните оваа можност за да направиме навистина да Македонија не биде надвор од сите меѓународни токови.

Сакам уште нешто да кажам и да завршам. Сето ова може да се надмине, меѓутоа, искажување на некој, на некој, повторувам, политичари, дека ако се оди и се донесе одлука во овој Парламент за референдум, тогаш Ќе се организираат два референдуми. Не сакам почитувани колеги пратеници, не сакам да помислам на оваа работа, не сакам ни во сон да ни се случи оваа работа, бидејќи правење на два референдума, правење на два референдума во Македонија значи поделба на Македонија, значи крај на Македонија. Сакале тоа ние да го прифатиме или да го признаеме, ќе дојде до таа работа. Не ги сакам, не сакам ни да ги помислам таквите работи, меѓутоа, изјавите што доаѓаат зборуваат дека можно е и тоа да се случи. Сакам да кажам, ако дозволиме тоа да се случи, од тоа може да профитираат само оние заложници застапници и следбеници на големоалбанските и големобугарските преТензии. Верувам дека ваков расплет граѓаните на Македонија не го сакаат, а верувам дека ниту еден од нас го сака тоа.

Благодарам.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

За реплика се јавува господинот Димитар Батковски.

**ДИМИТАР БАТКОВСКИ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани дами и господа пратеници,

Јас во мојата реплика ќе искористам Пет минути, не затоа што бев спомнат од претходниот дискутант господинот Стојкоски, но само затоа што изнесе некои невистини, на кои што навистина треба да се одговори и во таа смисла можеби ние треба што поскоро нашиот Деловник да го измениме.

Не може да се бара реплика само ако биде споменат. Јас пред едно извесно време го гледав како работи Хрватскиот парламент, на секоја една невистина во моментот веднаш се реагира и тоа е право на реплика, а кај нас ако биде споменат. Некој може да го исцрниш целосно, а да не му го споменеш името и сега тој да нема право да каже.

Јас некои елементи што сакам да ги кажам од дискусијата на почитуваниот господин Стојкоски, навистина оваа точка на изјаснување е во врска со референдумот, а почитуваниот господин нафрли се и сешто. Толку испретурено, олку несредно што, напади, зборуваше за некакво плукање во Парламентот. Меѓутоа морам да му признам на господинот Стојкоски употреби и тој многу плукање, дури и во оваа негова дискусија, што секако не е во ред, мора да признае.

Стана збор за, како форма на навреда го кажа, дека еве овој Парламент, овој Парламент, неколку пати го спомнуваше, јас да го потсетам господинот Стојковски и тој е составен дел на овој Парламент. Незнам на кои пратеници им се обраќаше, ако мислеше со тие плукања што беа исфрлени од негова страна.

Најмногу сакам да се задржам на тоа што го спомена во врска на амандманот што беше одбиен за снабдување на Куманово со вода за пиење. Јас би кажал дека тој проблем не дека не треба да се реши, не дека кумановци не треба да имаат вода, не сум, да не ме сфатите погрешно, почитувани дами и господа пратеници, меѓутоа, јас само едно потсетување на господинот Стојковски, бидејќи неговата партија 6-7 години беше на власт, седеше во овие клупи, дури имаше едно огромно мнозинство, да не речам 2/3 беа од неговата партија. Зошто тие не смогнаа сили да го решат тој проблем. Овој проблем не може да се реши само за сега кога дојдовме ние за овие две години, односно три години. Треба малку да се биде самокритичен и во таа смисла требало да почнат уште тогаш да го решаваат, а сега да се дореши тој проблем, јас би го сфатил. Не сега, еве, тука можеби ќе се најдат погодени пратеници од мојата партија, дури и почитуваниот потрпетседател. И тој беше за тоа. Меѓутоа, јас така ги гледам работите и така ги кажувам.

(Реагирање од место на искажувањето на господинот Баткоски дека тоа не е реплика).

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Ве молам, немојте од место да дофрлувате, немојте колективно да ги давате репликите.

**ДИМИТАР БАТКОВСКИ:**

Господине Ханџиски, тој сега плука по сите пратеници зошто не изгласавме да се снабдува градот Куманово со вода. Незнам зошто поедини пратнеици се најдоа навредени, јас не кажам ни една навреда.

Како начин на излагање, Не може да се напоменуваат работи, плукања, што еве се кажува само за последните три години, односно да Се плука на Се и сешто. Да беше до крај искрен и доблесен почитуваниот пратеник Стојкоски, да ги наброеше сите елементи во сите тие години, а не Сега тој набројува во последните две - три години. Во таа смисла не е во ред, а уште повеќе сега кога Се изјаснуваме за референдумот.

Во врска со оваа точка што ја имаме на дневен ред и на што сакам да му реплицирам, господинот Стојковски како однапред да знае дека не сака референдум. Дури отиде до таму што тој знае дека овој наш народ има големи проблеми, во врска со голата егзистенција и нема да има потреба да се изјаснува. Баш напротив, во најтешките моменти, треба да се прашаме и ние пратениците, но треба да се праша и народот. Кога ќе се изјасни тој народ, ќе му биде многу полесно, бидејќи тој ќе ја сподели тежината. Тој и ќе биде одговорен за тоа.

Јас ќе кажам уште една реченица.

Во таа смисла треба да се внимава, бидејќи изјаснувањето односно, еве што сакав уште да му забележам на господинот Стојкоски. 0вие нацрт амандмани сега ќе одат на јавна расправа. Тој однапред знае каква ќе биде таа јавна расправа. Верувајте, тоа мене не ми оди во глава, не можам да го сфатам. Неможам да го сфатам затоа што, еве да го повикам господинот Стојкоски и сите вас, ако 6идеме до крај искрени, во таа јавна расправа, секаде каде ќе се одвива и сето тоа да дојде пред сите нас овде и пред македонската јавност, на македонскиот народ а му го кажеме и ако низ таа расправа се каже треба да се прифатат сите амандмани, тогаш да ги прифатиме. Но, почитуван господине Стојкоски, ако биде обратно, како Ќе каже вашата партија, што сега амблок вие сега, го знаете мислењето на народот, знаете се вие. Јас, да ви кажам незнам, кога се однесува до народот. Затоа треба да го прашаме.

Во делот од вашата дискусија навистина не бевте јасен господине Стојкоски. Кај вас потсвесно прозбори некој дел од вашата внатрешност. Многу убаво кажавте. Не сакам да Ве повторувам. Толку убаво кажавте што ако беше вашиот лидер, немаше да му се допадне тоа што вие го кажувавте во одредени делови од вашето излагање.

Се извинувам што го надминав времето.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

За реплика за јавува господинот Благоја Стојкоски.

**БЛАГОЈА СТОЈКОСКИ:**

Прво, морам да кажам дека во дискусијата се спремив никого да не спомувам, освен можеби еден предлагач, на едни заклучоци на Собранието на Репбулика Македонија, кој морам да кажам, ги предложи, меѓутоа, во својата дискусија кажав, одговорноста е наша, ние ги изгласавме. Тоа.

Инаку, што се однесува до репликата, морам господине да ви кажам, или кај мдне нешто не е во ред, или јас Не разбрам на што од мојата диксусија реплициравте. Морам да кажам дека не разбрав.

Точно е, ако мислите на тоа Дека јас во мојата дискусија, земете ги стенографските белешки и ќе видите дека кажав, незнам народот како ќе се изјасни по амандманите и по референдумот. Никој од нас не може тоа да го претпостави.

Точно е само една работа, дека сте забележале дека не гласавме. Не реков не гласавте вие. Ние пратениците не гласавме за амандман за вода за Куманово, а гласавме за спортски сали, патчиња и сето тоа. Баравме 1,5 милиони марки Куманово да има вода за пиење.

Точно е тоа дека Куманово овие 2-3 години го има најтешкиот проблем со снабдување со водас и точно е дека во минатиот состав бев во Парламентот, меѓутоа, кога го поднесов тој амандман, јас и моите колеги пратеници од Куманово го поднесовме амандманот за средства од "Телекомот". Сега се продаде "Телекомот" и сега беше распределба на тие средства. За ваше информирање, Куманово, Старо Нагоричане, Клечовце, Орашац, освен за едно Село од Липково, значи поранешна општина Куманово, ниту денар од "Телекомот" не добија, а кумановското стопанство, сите знаете беше најјако и најразвиено. Зарем ние кумановци не вложувавме ништо во "Телекомот" па сега ништо да не добиеме. Дури ни пари за вода.

**БЛАГОЈА СТОЈКОВСКИ:** (Продолжение)

Благодарение на нас пратениците. А кои пратеници? Има листина на гласање, ќе си видите. Само за тоа зборував, затоа што сега се продаде Телеком и сега се распоредуваше во овој состав. Јас кажав дека функцијата и институцијата пратеник не ја кажав за овие три години, кажав и за моето постоење четири години кога бев на власт дека најмалку ја развивме. Како тоа не го забележавте?

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Ќе одите во бескрајност.

**ДИМИТАР БАТКОВСКИ:**

Само една реченица, сакам на господинот Стојковски да му кажам дека што се однесува до средствата од Телеком, јас незнам како сум гласал, веројатно сум гласал за, не сум против Куманово да не се снабдува со вода. Меѓутоа, што овде ми се чини неможе да му се стави знак на равенство. Неговата партија, незнам дали дискутираше господинот Стојков-ски лично тие беа против секаква приватизација на Телекомот. Тие таму имаа најголеми забелешки. И сега кога приватизацијата општо е прифатена и тие плодови од таа приватизација веќе ги осеќаат голем дел од граѓаните на Македонија. Сега тој се нафрла врз сите нас што не сме го прифатеиле тој амаднман.

**РАДОМИР КАРАНГЕЛЕСКИ:**

Господине потпретседателе, почитувани дами и господа пратеници, се јавувам за реплика, бидејќи е изнесена една есенцијална невистина која има влијание, бидејќи оваа говорница е јавна и се снимаат сите седници на Собранието и граѓаните ја гледаат и сега незнам дали господинот Благоја Стојковски не го прочитал Уставот, или намерно манипулира на оваа говорница, изнесе еден податок дека македонскиот народ го има само во преамбулата, а дека со овие измени не се менува, ниту се спомнува македонскиот народ во ниеден амаднман. Ова е ноторно невистина, бидејќи во амаднманот IX стои, ова е ново предложениот од претседателот Трајковски..Заштита, унапредување, збогатување на историското и уметничкото богатство на Македонија и на сите заедници на Македонија како и на добрата кои ги сочинуваат без оглед на нивниот правен систем. И понатаму се вели: Со точката 1 на овој амаднман се заменува ставот 2 на членот 56 од Уставот на Република Македонија. Ставот 2 на членот 56 вели вака: Републиката гарантира заштита, унапредување и збогатуваше на историското и уметничкото богатство на македонскиот народ и на националностите како и на добрата кои го сочинуваат без оглед на нивниот правен режим. Тоа е првата реплика за да се знае дека во амаднманите има и во нормативниот дел измени, односно се брише македонскиот народ, конкретно тука во тој контекст.

Втората забелешка е на тезата која што е толку хипокритична на господинот Стојковски кој што вели: Зошто ова Собрание не расправаше, сега одиме со референдум на Рамковниот договор, а сега е касно, можевме да расправаме во ова Собрание. Јас прашувам, зошто од сите партии во Собранието, парламентарни партии официјално, а ги имам тука и сите псима од координаторите или од било кои претставници на партии кои што бараа од претседателот господинот Стојан Андов за неговата историска одговорност и јас сум зборувал вов рска со незакажување на седницата за актуелната политичко-безбедносна состојба. Ниеднаш СДСМ не побара седница во изминативе неколку месеци откога започна безбедносната и политичката криза во Република Македонија, туку имаше прво од нас четири писанија, четири писма повторени до претседателот да се свика таква седница од ВМРО-Вистинска, од Нова Демократија и имаше едно писмо од ВМРО-ДПМНЕ кое беше условено со некоја седница на Влада, значи фактички како да го немаше. Меѓутоа, три писма официјални заведени во Архива на Собранието на РМ за да се одржи таква седница немаше, а претседателот може да си толкува некое писание од било која друга парламентарна група да се одложи друга седница, значи тоа е негово су-диско уверување како што велиме во фудбалот. Со оглед на тоа нема право господинот Стојковски да кажува и да критикува зошто немало седница, што не побарала неговата парламентарна група или тој самиот преку својата партија таква седница да се свика, туку овде треба да се каже вистината, дека на некои партии, тие што се потписници на овој Рамковен договор дека на некои партии им одговараше да нема расправа, затоа што овие работи порано ќе излезеа и немаше да биде овој резултат кој што е негативен, ќе беше сосема поинакво. И сега сме доведени во ситуација да бараме излез дали преку амаднмани што знаеме и гледаме како се гласаат и како се изгласуваат, односно бараме и ние како Демократска алтернатива референдум како последен крик за да се спаси она што може да се спаси после овие велепредаванички преговори.

**БЛАГОЈА СТОЈКОВСКИ:**

Почитуван колега Карангелевски, незнам дали го слушавте внимателно моето излагање. Јас во моето излагање реков дека во нормативниот дел на Уставот, не зборував за преабулата, затоа што реков имаме втора точка на дневен ред на седницата, преамбула. Дека со уставните амандмани од нормативниот дел не се брише македонскиот народ таму каде што го има во Уставот. За таа работа членот 36 од Уставот зборува и гласи: Републи-ката им гарантира, јас за овој член мислев, а ти што мислиш излези и дискутирај. Репбуликата им гарантира посебни социјални права на борци од антифашистичка војна и од сите народноослободителни војни на Македонија на воените инвалиди на прогонуваните и затвараните за идеите на самобитност на македонскиот народ. На тоа мислев, колега Карангелевски.

**РАДОМИР КАРАНГЕЛЕВСКИ:**

Благодарам за дообрајснувањето. Меѓутоа, господине Стојковски не бевте прецизен. Вие рековте во нормативниот дел на Уставот. Нормативниот дел на Уставот е и членот 56 кој што јас го прочитав, не го толкував слободно. А ова што вие другите ги наведувате 36 и тн, тоа нема врска. Јас зборувам за вкупно суштинска работа во нормативниот дел на Уставот, исто така се спомнува македонскиот народ, а со одредени амандмани се брише. Колку за разјаснување, во таа смисла.

**ТРАЈКО ГЕШОСКИ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани колеги пратеници, почитуваниот колега Стојковски во два наврати во своето излагање и во дискусијата и во репликата напомна дека неговиот амаднман е одбиен за водо-снбдувањето во Куманово и рече дека е прифатен амаднман за изградба на некои мали патчиња. Тој заборави дека амандманот помина само за изградба на трета лента на патниот правец Градско-Прилеп кој што почна да се гради од 1ее0 година и не се најде досега да се изгради оваа трета лента на овој многу важен битен пат. Јас во пратеничкото прашање истакнав дека работејќи во прилепската болница многу, многу години сведок сум на огромен број на човечки жртви,на материјална штета, на фамилии завиени во црно и сега тоа да се нарече едно патче, мислам дека не е во право колегата пратеник. А видовте дека во последно време кога се затвори патниот правец, не се затвори туку беше ризично да се патува од Охрид со Скопје се намина на тој патен правец и колегите пратеници од Охрид, од Ресен од Кичево видоа во каква состојба е овој патен правец. Во овие неколку години наназад направени се автобани до Тетово, до Гостивар, а овој патен правец, оваа битна артерија за Македонија ја оставивме во таква состојба. Затоа те молам, колега Стојковски да не го нарекуваш тој патен правец, патче.

**БЛАГОЈА СТОЈКОВСКИ:**

Мислам дека човек навистина треба да размисли дали ќе реплицира од проста причина што јас во моето излагање кажав дека ако се земе што значи вода за пиење, што значи некој пат, или патче, седно, или парк, мислам на зелениот парк во Делчево, мислам дека мораше да се води сметка дека сепак тоа е приоритет. Мораше да се води сметка дека од тие средства на Телеком општина Куманово со сите страи општини не доби ниту денар. А ништо против, дури јас гласав колега Гешовски за спортска сала. А јас спомнав спротска сала во Прилеп и во Виница. Милион ипол марки требаше само за вода за Куманово. Јас мислам дека треба да имаме и тоа и тоа. Треба да оцениме што треба да има приоритет, ништо друго. Ни најмалку не мислам дека не треба некое патче. Дај боже да имаме пари, ама секаде да грдиме. Не може да нема ни денар во Куманово од толку средства од Телеком, ниту денар.

**АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ:**

Сакам да разрешам една состојба во која се наоѓаме. Очигледно дека се најдовме во еден гордиев чвор, конкретно се работи за водата во Кумановскиот регион. Јас незнам што СДСМ работеше во изминатиот период Претпоставувам дека се немаше пари. Но, она што успеав да го видам пред два до три дена кога беше собирањето на оружјето во Кумановксиот регион сметав дека и при повторна окупација на Кумановско-Липковскиот регион ќе нема проблем градот Куманово со вода имајќи ги во предвид пријателските врски на господинот Стојковски со командантот Шпати. Така што тој проблем може да го апсолвираме и од таква работа верувам дека ќе нема потреба. Мислам дека она што го видов ми дава за право она што го тврдам, дека Куманово ќе биде снабдувано со вода во континуитет без разлика дали се наоѓа во посед на македонската држава, или на терористите, или прија-телот на господинот Стојковски, барем според она што успеав да го видам.Тие уште малку што не се гушнаа и нели да си проговорат за изминативе денови и во Куманово и во Карадачкиот крај што се случуваше.

**БЛАГОЈА СТОЈКОВСКИ:**

Почитуван Флоровски, јас знам дека студирате во Бугарија и дека од Бугарија беше она Ванѓа. Од каде вие имате сознанија дека имам пријателски односи со командантот Шпати. Да ви кажам една работа. Благоја Стојковски во недела со уште еден пратеник и претставник на Австриската амбасада, конзулот бевме во официјално посматрање на соби-рање на оружје по протокол кој го направи баталјонот италијански кој го собираше оружјето. Во еден момент командантот ме викна и мене и Демуш се вика пратеникот и претставникот на Австриската амбасада, претставникот задолжен за собирање на оружје од францускиот баталјон, претставникот од турскиот баталјон и дојде ми рече: Сега ќе присуствувате на една церемонија на која командантот Шпати ќе го предаде пиштолот. Ќе го предаде пиштолот не по моја волја, по волја на тие што го собираат оружјето. Јас бев таму да видам што оружје е соберено и какво е тоа оружје што е собрано. И точно човекот дојде пред сите камери и македонски и странски и сите, го предаде пиштолот. Кога дојде до нас, тој се поздрави со сите. Мене ме праша, ако сакаш да знаеш, да знаеш, ме праша: Директоре, како си? Јас реков: "Јас одамна не сум директор, јас сум политичар". Вели јас сум од Куманово од Диво Населење, а во неговата дискусија кога дискутираше и кога рече: го предавам пиштолот затоа што, тоа не го пренесоа нашите медиуми, го предавам пиштолот затоа што подобро е да го земам пенкалото, а овој пиштол што го зедов, не доведоа овие политичари, сигурно покажувајќи и на мене.

**АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ:**

Не очекував дека волку експлицитно ќе ни раскажете што се случувало. Воопшто нема потреба не не интересира што таму вие сте разговарале, а најмалку пратениците ги интересира вашите доживувања при собирањето на оружјето. Како случките на Том Соер, нели?

Прво, не е тајна дека студирам во Бугарија. Завршив. Но, тоа не значи дека сум бугарофил, туку сум ортодоксен македонец со длабоки дебели корени, подлабоки сигурно од вашите. За жал од таа страна на границата, на 20 километри од Битола.

Втора работа, не може да претендирам да бидам Ванѓа, јас сум од машки род. Ако некој претендира, се чувствува потсвесно за нешто друго, јас не се чуствувам за таков. Можеби за Нострадамус, но и тука не би претендирал. Но, јас верувам на она што јас го гледам.Ги видов едноставно вашите поздравувања, гушкање, муабети, затоа и добив такво чуство. Вие тоа овде го негирате, но впечатокот останува. Јас кажав една друга работа дека при повторна не дај боже окупација на Кумановско-Липковскиот регион имаме адут, ќец во ракавот во ликот на господинот Стојковски, пратеник на СДСМ кој е во блиски односи според она што го видовме со еден од командантите, командантот Шпати. Така што парите од Телекомот не треба толку да инсистирате. Инаку. од колегијални причини ќе кренеме сите рака да се изгради водоводот во случај да ги расипите тие односи со командантот на ОНА. Мислам дека нема потреба повеќе да ја шириме дискусијата.

**БЛАГОЈА СТОЈКОВСКИ:**

Господине Флоровски сите телевизии ги гледав и да не ги гледав знам дали сум се гушкал, или не. Знам само едно, знам дека имаше гушка е кога беа изборите за претседателот и кога во Липково со Хисни Шаќири се гушкавме, се гушкавме и направивме 103% гласови.

**АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ:**

Јас не сум се гушкал со Хисни Шаќири. Да беше од женски род, можеби, со мажи немам обичај. Кој тоа се гушкал докажете до крај за да има шанса некој ви ми реплицира.На сето ова што го пласирате овде, очигледно дека не гледате режимска телевизија, гледате само независни медиуми. Беше објавено на МТВ. Еве, јавно би ги замолил доколку не сте ја гледале таа секвенца, раководството на МТВ да направи напори да ве овековечи, па може ќе имате и ќе имате шанси да се снимите каде вие се гушкате со командантот кој 3,4 пати го спомнав овде.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Ве молам со ова да престанеме. Предлагам пауза до 17,00 часот.

(Седницата прекина во 15,20 часот.)

(пауза од 15,00 до 17,20 часот)

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Ве молам, почитувани пратеници, притиснете едно од копчињата од системот на гласање за да го утврдиме точниот број на присутни пратеници во салата.

Констатирам дека во салата се присутни 67 пратеници.

Продолжуваме со работа.

Има збор г-динот Тито Петковски.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Г-дине потпретседателе, почитувани колеги, кога видов колку е долг списокот на

пријавените за дискусија, решив да се повлечам од дискутирањето, но расправата пред паузата ми даде за право сепак да кажам две три реченици.

Прво, мислам дека без сомневање референдумот е демократска институција и тоа никој не може да го порекне, ниту некој во овие неколку денови дискусија тоа го негираше.

Се разбира дека волјата на народот е онаа за која сите се бориме и сите сакаме на наша страна да биде. Референдумот е се разбира израз на волјата на граѓаните, како што впрочем ние што сме во оваа сала сме избрани пратеници, претпоставуваме дека тоа е исто така, израз на волјата на граѓаните.

Но, како при изборите, така и при секое значајно политичко прашање, политичка одлука, прашање од јавен интерес, мора да се спроведу-ваат во една демократска атмосвера во која навистина ќе се види дали расположението на луѓето е одраз на објективната состојба или на нешто друго. Мое мислење е дека сепак во оваа состојба во која денес се бара да се гласа за референдум нема да биде објективен израз на волјата на граѓаните за ова прашање. Ќе кажам зошто. Заради тоа што, пред се, овде водиме политичка дебата. Едни политички партии застапуваат едно мислење други политички партии застапуваат друго мислење. Сосема е легитимна иницијативата и јас тука не наоѓам никаква забелешка. Секој има право да покрене такво прашање. Меѓутоа, за жал, во Македонија и политичката карта исто така сега е изградена доста на етничка основа. Скоро сите етнички заедници во државата имаат политички партии, што секако е најголемиот хендикеп за изградба на едно граѓанско општество. Јас сум сигурен на евентуален референдум, па макар нека биде се нормално сега, после она што и се случуваше на Македонија, Македонија сеуште практично до пред некој ден е во војна. Не сум сигурен утре, ако не се донесат сите овие документи за кои расправаме како ќе се одвива состојбата. Но факт е дека над една третина од територијата не се контролира во дражвата.

Според тоа, претпоставувам дека политичките партии, особено оние кои се организирани на етничка основа, а тоа сме сите ние, дека ќе ги убедуваат граѓаните дека најдобро е варијантата која тие ја застапуваа Јас се плашам, почитувани колеги дека ние ќе направиме своевиден рефе-рендум за етничката состојба во државата, односно ќе направиме попис пред пописот за кој се договоривме дека не може да се одржи, ова Собрание донесе закон, бидејќи непостојат услови, не може да влезат пописни комисии во голем број населени места во државата и неможат објективно да ја сликаат состојбата. Ако имате јасно декларирана волја на политичките партии, да речеме од албанскиот политички блок дека тоа не се поддржува, имате јасно декларирана волја на политички партии од овде барем три кои што тоа го поддржуваат. СДСМ никогаш не бил против референдум, меѓутоа, референдум во ваква состојба сметаме дека ќе биде непродуктивен и нема да доведе во објективни и вистински резултати какв е расположението во државата. Ако сме навистина свесни дека ни војска ни полиција не можат да влезат во пограничните села, како ќе влезат тогаш пописните комисии односно комисиите за референдум. Од тој аспект гледано, мислам дека е непродуктивно да организираме референдум.

Мојот предлог би бил, бидејќи како Собрание со огромно мнозинство ги усвоивме Нацрт амандманите на Уставот на Република Македонија да се заложиме својски сите политички партии, особено ние во парламенто пратениците, преку Кокисијата за уставни прашања која доби задача да ја организира јавната расправа, да направиме објективно еден општона-роден референдум во расправата по уставните амандмани, да допреме би се рекло до секое место, да го искаже своето мислење по уставните амандмани. Тоа ќе биде многу пообјективно мерило за расположението на граѓаните во овој момент и за прашањето кое се покренува, за референдумското прашање. На страна од тоа што еве мал број на медиуми ја објавија содржината на амандманите и незнам дали сите за еден период од 10 дена ќе бидат во состојба добро да ги проучат сите граѓани, па и да ги поддржат тие амандмани, како што исто така не сум сигурен дека ќе бидат во состојба и за три месеци ако сакате добро да го сватат сите референдумското прашање овде и по избор на своја волја да гласаат за или против референдумот.

Да заклучам, за референдум сум да, но, во вакви политички флуид времиња во пренапрегнати меѓуетнички односи, кога сеуште и војната виси над нашата глава овде, не е продуктивно и со голема доза на сигурност би рекол дека не можеме да организираме објективно консултирање на расположението на граѓаните по однос на референдумското прашање.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Според списокот на пријавените говорници, збор треба да земе г-ѓа Гулистана Марковска, но таа е службено отсутна.

Господинот Илија Пранговски, не е тука исто така.

Господинот Александар Флоровски, исто така не е тука.

Г-динот Ванчо Чифлиганец исто така не е тука.

Г-динот Абдурахман Халити - на негово место ќе треба да збору-ва г-динот Насер Зибери.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Г-дине потпретседателе, дами и господа пратеници, дозволете ми накратко...

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Ве молам г-да пратеници, може пратениците меѓу себе да си направат друг редослед на јавување, тоа е практикувано и нема да го менуваме.

Повелете г-дине Зибери.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Г-дине потпретседателе, дами и господа пратеници, ќе се обидам да мго изнесам мојот став, ставот на пратеничката група на ПДП во однос на ова прашање. Јас ќе се обидам, да бидам краток, иако признавам дека не сум толку способен да бидам толку краток како г-динот Тито Петковски кој навистина беше многу краток. Јас сепак ќе се обидат да ги изнесам малку пошироко прашањата кои се врзани за точката на дневен ред, а тоа е идејата да се распише референдум за изјаснување околу иницијативата за измени на Уставот на Република Македонија.

Според нас, ова прашање на три аспекти и тоа: формално-правен аспект, политички и практичен.

Формално правниот аспект на прашањето е регулирано во позитивното законодавство на РМ, и тоа почнувајќи од членот 73 на Уставот на РМ, и соодветно на тоа е донесен закон за референдум и граѓански иницијативи во мај 1ее8 година. Согласно овие прописи,сметам дека прашањето кое се покренува и се сака да се стави на изјаснување пред Собранието на РМ, е надвор од Уставот и законските одредби на ова прашање. Доколку го гледате текстот на предлогот за спроведување на референдум, предлагачот се повикува на една одредба од Уставот и две од-редби од Законот за референдум и тоа членот 73 став 1 од У ставот на РМ членот 2 и 28 од Законот за референдум.

Во членот 73 став 1 на Уставот се вели: "Собрнаието одлучува за распишување на референдум за одделни прашања од својата надлежност со мнозинство гласови од вкупниот број на пратеници". Ова е една општа генерална одредба, која упатува за одделни прашања кои ќе се регулираат со закон да може граѓаните со непосредно изјаснување да го изнесат својот став "за" или "против" одредено прашање. Но ништо повеќе. Затоа пак законодавецот односно Собранието на РМ, како што истакнав во мај 1ее8 година, го донесе Законот за референдум, со кој прецизно се уредува прашањето како, кога и под кои услови се организира референдум.

Членот 2, на кој се повикува предлагачот вели дека референдум распишува Собранието на РМ, и ништо повеќе.

Во членот 28 се вели: "Референдумот го распишува Собранието со Одлука.

Референдумот се распишува за целата територија на РМ".

Што всушност регулира овој закон, кои се прашањата за кои може да се организира референдум? Тоа се суштински прашања на каои ние треба да дадеме одговор. Доколку вака воопштено, генерално го толку-ваме законот и членот на Уставот, тогаш, ќе карикирам но ќе дојдеме до една многу смешна ситуација каква што опиша еден од пратениците тука. Врз основа на овие одредби, ајде да распишеме референдум за праша-њето дали граѓаните сакаат просечна плата од 1000 марки. Дали Собранието одлучува за референдум? Кои граѓанин ќе рече не, не сакам таква плата. Или ајде да ги прашаме граѓаните дали сакаат до еден да бидат сите вработени и да нема ниеден невработен во РМ. Секој ќе сака и позитивно ќе се изјасни. Согласно Уставот, бидејќи Собранието донесува одлука за распишување на референдум, ние ќе собереме 61 глас и ќе рас-пишеме референдум на кој ќе ги прашаме граѓаните дали сакаат просечна плата од 1000 марки. Затоа законодавецот ги предвидел точно условите и случаите кога се распишува референдум, по кои прашања, и тоа како претходно изјаснување или задолжително, или како пост-фестум референдуг односно откако ќе се донесе акт, на некој начин како мерење на пулсот дали актот е во согалсност со волјата на граѓаните.

Затоа, во членовите 3, 4, 5, 6 итн., точно се знае за кои пра-шања Собранеито треба и е должно да свикува референдум, односно да до-несува одлука за

референдум. Така, во членот 3 се вели: "Референдум задолжително се распишува за усвојување на одлука на Собранието за менување на границата на РМ, или одлука за стапување или истапување од сојуз или заедници со други држави". Тао е задолжително. Но, вели: "Референдум може да се распише за донесување на закони за потреба од ратификација на меѓународни договори и за други прашања од надлежност на Собранеито, претходен референдум".Значи, утврдува кога задолжително Собранеито треба да распише референдум и кога може, но не мора. Во која од овие одредби вие наоѓате основ за распишување на референдум, граѓаните да се изјаснуваат и тоа за неменување на Уставот?

Понатаму, ова прашање доколку се сака да се сведе на рамките на прописите на РМ, тогаш може по аналогија да се третира во одредбите на Законот, во делот за граѓанската иницијатива и навистина незнам зошто предлагачот не се упатил на одредбата од член е од Законот каде што се регулира прашањето за граѓанската иницијатива, а таму се вели: "Граѓанска иницијатива се покренува за поднесување на предлог за пристапување кон измена на Уставот на РМ", од оваа одредба да се извлече аналогија, ако може на референдум да се изјасни населението за иницијатива за промена на Уставот, да се изјасни и против иницијатива за измена на Уставот, што не е исто, но ајде да се бара некоја аналогија.Инаку вака во ниту една одредба, во ниту еден член од Законот за референдум нема апсолутно никаков основ идејата да се распише референдум за изјаснување за вакво прашање. Впрочем, професорот Климовски е тука, и тој подобро знае дека има устави во светот кои се донесуваат или се потврдуваат на референдум. Нашиот Устав тоа не го предвидува. Нашиот Устав точно предвидел постапка како може да се смени Уставот или во каква постапка се донесува нов Устав и тоа се членот 131, на кој се повикува претседателот на државата, за измени на Уставот, амандманска измена на Уставот или одредбите кои се однесуваат на членот 12е.

Од тука, според мое длабоко убедување, гледано од формално правне аспект, прашањето не е на место ниту има законски основ. По евентуално донесување на одлука, може слободно да се покрене постапка за да се види уставната и законската осн ова на вактиот став односно евентуална одлука на Собранието и таа да биде поништено.

Ова беа мои забелешки во однос на формално правниот аспект, односно законскиот.

Ова прашање има и своја политичка димензија, која не е помалку важна од првата, а таа е следната.

Бидејќи се сака со референдумско изјаснување да се праша  народ каков став има во однос на иницијативата за промена на Уставот, дали не се прашуваме што ќе предизвика кај граѓаните кои имаат спротивно мис лење на ова.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**(Продолжение)

Што тоа ќе произведува како политичка реакција врз ова. Не само да се изјаснуваат против иницијативата, туку и нешто друго. Еден од лидерите на политичките партии на албанците веќе го најави дека тоа ќе предизвикува контра референдум...

(Филип Петровски од место претиш, претиш, а?)

Тебе ти претам.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Ве молам колеги.

(И понатаму реакција на пратеникот Филип Петровски, како и на некои други).

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Да, Арбен Џафери кажа. Кажа , да.

Значи политички гледано може да произведува друг референдум, контра референдум за изјаснување по однос на вакви и други прашања.

Понатаму, дали може преку вакво изјаснување да се решава за политичкиот статус и правата граѓански или политички на граѓани кои не припаѓаат на иста националност со граѓаните кои ќе се изјаснуваат. Дали тоа не значи наметнување на волјата на мнозинството над другите.

Трето пак политички гледано, дали не упатуваме јасна порака до Меѓунраодната заедница дека во Македонија се потврдуваат досегашните забелешки на албанците дека тие перманентно кога се во прашање нивните права тие се надгласуваат од макеоднците и дека им се наметнува положбара која ја имаат, или која се обидуваат да ја променат мајоризацијата им тлее над главата во секој момент. Дали тоа не е знак знаејки дека Мировниот договор односно Рамковниот договор е максимумот што можеа да се постигне од двете страни. Со ова се упатува порака дека макеоднците не сакаат да живеат заедно со албанците и низа низа други прашања кои можат да се отворат.

Но, идејата има и практични проблеми кои можат да се појават, а за

дел од тие проблеми веќе некои пратеници зборуваа.

Прво, какви се условите за спроведување на таков референдум. Како што рече г-динот Петковски пред малку, ние го одложивме пописот токму заради овие причини. Ова Собрание донесе Одлука да се одложи пописот затоа што нема соодветни услови.

Контра одговорот на оделни пратеници кои говореа претходните денови е - па, добро како ќе се оргаизираат изборите? Па, изборите имаат една основна претпоставка дека ќе се усвои Рамковниот договр дека УЧК се разоружува и ќе се распушти, ќе се врати војската и полицијата на своите места и ќе се создатат соодветни услови да се организираат фер и демократски избори. Доколку нема такви услови тогаш и изборите ќе се одлагаат за месец, два додека обезбедиме соодветни услови. Но, во никој случај ние не смееме да организираме референдум, попис или билокакво друго изјаснување на граѓаните при ситуација на војна.

Понатаму, што доколку донесе одлука Собранието да се распише референдумот. Што со постапката за промени на Уставот во Собранието, а Собранието еднаш се изјасни со е1 глас за, потоа со 64,-65 гласа го утврди текстот на нацртот на амандманите. Што ќе значи сега оваа одлука откако се изјаснило еднаш, двапати, трипати, Собранието за иницијативата и постапката за промена на Уставот. Некој ќе рече, па ние ќе ја продолжиме работата околу промените на Уставот, ама одлуката на референдумот ќе ни биде задолжителна и тогаш овие измени нема да бидат валидни. Или, ќе ја стопираме постапката тука, ќе го чекаме исходот од изјаснувањето на граѓаните на референдумот. Што значи тоа визави тој мировен план.Јасни се пораките на НАТО, на ЕУ, на САД, да не набројувам други меѓународни организации и асоцијации и држави кои сакаат да помогнат Македонија да излезе од оваа ситуација. Јасно кажуваат референдум не.

Според Уставот на РМ, а и според Законот за референдум најрано постапката за спроведување на изјаснувањето на граѓаните може да се организира 60 дена од денот кога Собранието ќе донесе одлука најрано, а најкасно е0 дена. Тоа значи дека мировниот, Охридскиот договор не може апсолутно да се спроведува, а тоа значи дека за 60 дена оваа хаотична ситуација ќе ја имаме и понатаму на терен и тоа ќе значи сосема јасна слика на теренот, обновување на конфликтни состојби, разни инциденти, експлозии од типот какви што ги имаме секој ден низ Скопје, експлозии дури и пострашни од типот што ги имаме по бензиските пумпи на албанците, па потоа контра враќање и т.н. и т.н. Или некој тоа го сака па затоа се залага на овој начин да се решаваат проблемите. Не верувам и не сакам да верувам дека предлагачот тоа го сака, но објективно ситуацијата ни ги наложува овие услови, а ние како пратеници сме должни да расудуваме и да ги анализираме таквите ситуации, пред да се изјаснуваме. Ние не можеме да кажеме имаме право да донесеме одлука за референдум и тоа ќе го направием, па било што било. Одговорноста е голвма почитувани пратеници и би требало многу трезвено, со ладни глави, без емоции , без виорот на големиот патриотизам кој во моменти се протега од оваа говорница, туку сталожено, мирно, врз основа на аргументите, врз основа на анализите што може да се случи, како да се изведе, што треба да се направи да се донесе одлука.

(Александар Пандов бара збор за реплика).

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Прво е г-дин Саво Климовски, по име и презиме.после е Чедо, па ...

(И понатаму повеќемина пратеници бараат збор за реплика).

Пандов и Филип после тоа.

Збор има г-дин Саво Климовски.

Виа сте повикани по има и празиме, ако сакате можете, ако не ваша право е.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Благодарам г-дине потпретседател, јас инаку немав намера да говорам, меѓутоа бев спомнат да дадам едно појаснување. Г-динот Зибери побара тоа појаснувања да бида во негов прилог односно да кажам дака правно е неодрживо во адна ваква ситуација и за адно вакво прашања да *се* распишува рафарендум.

Ваднаш сакам да укажам дека според принципот на уставноста и законитоста, Уставот има многу посилно дајство од било кој закон. Она што ни го кажуваше од Законот за реферандум, ќе ве молам, ние овде говорима за една парвантирана теза. Ниа овде го укинавма македонскиот народ со

Одлуката на четворица или петмина јавачи на апокалипсата.

Откако го укинавма македонскиот народ, сага *се* јавуваат албанците да ја бранат таа таза потпомогнати од нивнита адвокати од СДСМ, а знаеме адвокати како се ангажираат г-дине потпретседателе има цена за тоа, или е платена или Ќе *се* плати, според тоа јас сакам овда да укажам да не остават од нивните прекрасни намари да го спасат македонскиот народ. Впрочам, стара е поговорката дека "патот до паколот е поплочен со најдобри намари". Овде Не доведоа до пеколот со нивните најдобри намври и са обидуваат Дека и понатаму Ќе работат во интерес на македонскиот народ, на макадонската кауза укинувајки го токму терминот макадонски народ. Невидена работа за која што на уставотворецот 1991 година, на било кој законодавец не му паднало на памет да го стави во закон ова. Па, кој можал да стави прашање дека Рефарендум ќе се распише да *се* укина македонскиот народ, или да се врати македонскиот народ во Уставот. Па, тоа е прапрашање на секој устав и на секоја држава. Ние сме доведени до една крајна бедна , мизерна ситуација да бараме од истиот тој макеоднски народ, или од мнозинството овде да каже дека се македонци и дека припаѓаат на македонскиот народ. Па, тоа е смешно, навистина е смешно и навистина е безобразно што го бараме, затоа што таа теза е неодржива. Тоа прашање е нелогично за секој човек кој што држи до својата држава и до правниот поредо. Ние сега тоа прашање, и сега овде се натегаме со денови па кажуваме јавната расправа тоа треба да го покаже, па ќе учествуваме во тоа, па некој сега сумира и т.н и т.н.

Значи, ни е фрлено ова како залог. Сега ова ми личи како дваесетите, триесеттите години и тој раскол што постоеше кај македонскиот народ. Прво беа Ванчо Михајловисти кои наводно во интерес на македонскиот народ сакаа ние да бидеме други, па сега овие овде ни кажуваат дека тоа е европска тенденција, да бидеме граѓани на Европа. Не може тоа да биде и таа идеја што овде нам ни се пласира е депласирана. Не треба тоа така да биде.

Јас мислам дека најдоброто решение е да излезе овде предлагачот, или четворицата потписници и да кажат, да гарантираат пред оваа говорница , пред сите граѓани на РМ дека тука направиле грешка, дека таа грешка ќе ја исправат во предлогот и тогаш нема потреба...

(Пратеникот Наќе Стојановски реагира од место-реплика има или збор).

Г-дине Наќе Стојановски молим те, и онака си добар како адвокат земи си збор, одземи им го интересот на албанците овде во целата оваа ситуација.

(Г-динот Наќе Стојановски станува и стоејки директно се обраќа кон пратеникот Саво Климовски).

Не, нудам г-дине Стојановски решение...

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Интересна работа г-дине Стојановски, ама вие без збор говорите.

(Реагирање на повеќе пратеници во салата).

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Ќе ве молам, во една таква ситуација, па еве, еве ги адвокатите ве молам. Станувааат веќе.

Во една таква ситуација, како што кажа г-динот Петковски го респектирам тоа. Навистина, и тоа е предлог, но јас мислам дека е многу посилен предлогот да се повлечат предлозите за распишување на референдум додека заседавама. Таа четворка, петка да седне да го разгледа сериозно ова прашање, да излезе овде и да каже во предлогот се договоривме кај преамбулата ќе си остане македонскиот народ. Тоа е единственото решение.

И нешто друго би сакал да поставам. Овде имаше илјадници тези , неослободена територија, па нели е ова договор за слободна територија. Кога ќе ја ослободат територијата? Со нови уставни промени што ќе побараат? Навистина апсурд до апсурд што се поставува ова. И од друга страна велат окупирани сме, и вели дека сме ослободени и уставните промени ќе ни следат. Значи, крајно конфузна ситуација. Ќе ве молам да бидеме чисти. По едно суштинско прашање ние се определува овде и тоа е содржината на ова за кое расправаме.

Благодарам.

(Аплауз од некои пратеници).

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Г-дин Насер Зибери.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Јас навистина жалам што професорот Климовски ги преврте моите тези...

**ТОМЕ СТОЈАНОВСКИ:**

Ќе ве молам да обезбедиме минимум услови за работа.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Јас воопшто не зборував за прашањата кои он ги отвори и затоа уште еднаш ќе му повторам.

Јас разговарав за законскиот основ и уставниот основ за распишување на референдум. Бидејки он вели дека Уставот е поголем закон од законите, појак, што е точно и е закон над законите јас го повикувам да ми каже која постака ја предвидува нашиот Устав за промена на Уставот.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Постапката за промена на Уставот ние си ја спазуваме. Постапката за промена на Уставот оди како што оди и тука ми се чини и претседателот на Собранието и другите го спазуваат Уставот. Меѓутоа, во член 73, сакам да го прочитам, можеби не го знаат луѓето вели:

"Собранието одлучува за распишување на референдум за оделни прашања од својата надлежност со мнозинство гласови од вкупниот број пратеници".

Последниот став вели: "Одлуката донесена на референдумот е задолжителна".

Ако од надлежност на ова Собрание е да го менува Уставот нормално е таму каде што дошло до спорно прашање од битно значење, од суштинско значење за Уставот да ги прашаме граѓаните дали се спремни по тоа прашање да ни дадат мандат да одлучуваме, а не да кажеме четворицата дале потпис. Па чекајте, сите граѓани станаа заложници на четворица луѓе. Па, не е тоа Македонија, не се тоа граѓани на Македонија, макар да се лидери на политички партии. Политичките апртии во сите партиски системи опфаќаат од три до пет посто од населението како членство. Другото се симпатизери, одлучуваат и т.н. Според тоа за ова прашање сметаме , тоа не значи дека мора да го прифатите, сметаме дека треба да се прашаат граѓаните да одлучуваат, иако мислам дека по својата суштина е контрадикторно бидејки е прапра прашање на сите други прашања во Уставот.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Г-дине професоре каква постапка утврдува нашиот Устав за негово менување, вие не ми одговарате.

Г-диен професоре јас не зборувам какво право имале четворицата потписници на Рамковниот договор. Тоа прашање Уставот не го регулира. Доколку има прашања од таков карактер, каков што вие спомнувате дека е спорно постои постапка утврдена по Устав и Деловник како тоа се корегира. Тоа е амандманска интервенција.

Уставот не предвидува доколку на некој не му се допаѓа некоај формулација во нацртот или во предлогот да организира референдум и преку референдум да ја суспендира одредбата која не му се допаѓа, туку точно утврдува како тоа се прави.

Во третата фаза кога ќе влеземе доколку има луѓе кои и покрај сите укажувања како треба да изгледаат промените мислат дека поинаку треба да биде тоа може да го направи некој пратеник, има право да предлага амандман на текстот на амандманите , а Собранието да се изјасни по тоа прашање. Мислам дека како правници овие процедурални работи треба да ги знаете.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Има збор г. Саво Климовски.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Сакам да одговорам многу кратко на ова прашање.

Ќе ве молам, ние овде зборуваме за уставни промени што се однесуваат на битието на државата, на постоењето и името на државата. А, тоа е народот кој го определува името на таа држава.

Според тоа, овде не се работи за некое процедурално прашање. Овде се работи за прашање, за кое што овде ниту еден од нас немаме мандат да расправаме. Мислам дека, ако албанската страна постојано не предупредува, не уценува, бара дека ќе идат на референдум и тие итн., итн., сето тоа, тогаш на што личиме ние овде. Ако одиете вие на референдум и ние ќе одиме на референдум, итн., значи имаат право на такво нешто.

Ве молам, не се работи овде за процедурално прашање. И, немојте да го сведувате само на процедура. Овде се работи за длабоко и егзистенционално и суштинско прашање затоа што ниту во документите на АСНОМ, ниту во документите на Илинден не постоело. Но, мислам дека некои други можеби ќе говорат поопштирно, бидејќи ова веќе ги надминува рамките на репликата.

(пратеници бараат збор за реплика)

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Само г. Насер Зибери може да се јави, бидејќи имаме друг ред. Господине Зибери повелете.

**НАСЕРЗИБЕРИ:**

Професоре, содржината се утврдува и се менува низ процедура, точно утврдена со позитивни прописи.

Толку.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Господинот Чедомир Петровски, има пред вас право на реплика.

**ЧЕДОМИР ПЕТРОВСКИ:**

Господине потпретседателе, почитувани колеги,

Од г. Зибери беа наведени неколку забелешки, меѓу кои првата беше формално-правниот аспект, односно незаконитоста во поднесувањето на Иницијативата за изјаснување на граѓаните, односно за референдум.

Беше доста кажано од г. Климовски, меѓутоа, во Законот за референдум и граѓанска иницијатива, во членот 2 стои:

"Референдум распишува Собранието на Република Македонија"

Во членот 4 стои:

"Референдум може да се распише за донесување на закони за потреба од ратификација на меѓународни договори и за други прашања" значи и за други прашања "од надлежност на Собранието".

Во членот 17 вели:

"Предлог за распишување на законодавен референдум можат да поднесат Владата на Република Македонија, секој пратеник или најмалку 10.000 граѓани".

Значи оваа иницијатива и сограсло Законот за референдум и граѓанска иницијатива е правно издржана. Мислам дека не стои тврдењето, а вие можете, доколку ова се изгласа, да покренете иницијатива за негово поништување. Тоа е формално-правниот аспект. Второто беше за политичкиот аспект. Која ќе биде политичката реакција на останатите политички чинители што се присутни во Парламентот, односно со свои пратенички групи.

Точно е дека г. претседател на ДПА, г. Арбен Џафери објави нешто, што рече дека контрареферендум, што кажува дека оваа господа е спремна и за вонуставно, вонзаконски да спроведува референдум, со кое што ние не се согласуваме. Се уште оваа држава е Република Македонија на целата своја територија и мислам дека таквите закани само ќе создадат уште полоши односи во Република Македонија. Легитимно е правото, ние како пратеници да иницираме и за вака суштинско прашање кое што цениме дека треба да ги прашаме граѓаните на Република Македонија дали тие сакаат да се избришат како Македонци?

Последното беше последиците од сето ова, дека ќе дојде до војна.

Почитувана господо, не заплашувајте не со војна . Ние војна имаме. Еднаш реков, сега ќе повторам, света работа е да се загине за својата држава, доколку има цел. Глупост е да ја оставиме државата да отиде така, со прст да не мрднеме. Условите, не повикувам на војна, сум против војна. Меѓутоа, бидете и вие против војна. За тој насилен притисок што се случува неколку месеци во Република Македонија, политичките дејствувања тука се во ист контекст. Тоа воопшто не е добро ниту за нас ниту за вас, ниту на оние кои се погодени. Ценам дека треба сите разумно тука со дискусиите да го повикаме целиот македонски народ, без разлика дали е од албанско етничко потекло, дали е од ромско, српско, сите да изнајдеме заедничко решение што Република Македонија ќе ја врати на патот кон Европа.,

Благодарам.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Господинот Насер Зибери, има збор за реплика.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Не сакам за другите наводи што ги изнесе г. Петров, само на ова послендото, наводно дека ги заплашуваме другите со војна, дека се закануваме и не знам што. Ниту најмалку мислам некого да заплашувам или да му се заканувам.

Впрочем, тој самиот призна дека имаме војна. Јас, напротив, не ја сакам војната. Се плашам од војна. Еве, јавно признавам. Ама, многу мажи тука кои покажуваат гради, не ги видовме во војна. Тој што сакаше и не се плашење од војна отиде во УЧК, Хисни Шакири не е тука. Ако сте такви, повелете таму. Овде правиме политика.

(повеќе пратеници бараат збор за реплика).

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Ова ќе оди до бескрај. За реплика има збро прво г. Пандов, па потоа Филип Петровски, па потоа вие.

Сега збор за реплика има г. Пандов.

**АЛЕКСАНДАР ПАНДОВ:**

Се откажувам од мојата реплика, само едно прашање, сакам да му поставам на г. Насер Зибери, не прашање, односно да го корегирам, направи една лингвистичка грешка или можеби не беше тоа случајно.

Имено, кажа дека се разоружале борците на УЧК во Македонија, јас, за цело време знам, дека славните борци албнаски, за независно Косово, не се инволвирани во оваа војна и дека сосема се дистанцирани. На крајот на краиштата, воопшто не ни постои УЧК, дека е расформирана. Сега би сакал јавно да го потсетам на тоа Зибери и да се извини дека името како име, УЧК, или пак да ни објасни што сакаше со тоа да каже. Дека не постои ОНА, дека УЧК тука се борела? Би сакал да го корегира тоа г. Насер Зибери, во интерес на овие пратеници тука и нормално на македонската јавност која го гледа овој пренос на собраниската седница.

(пратеникот Сејфедин Харуни постојано бара збор).

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Господине Харуни почекајте, има ред.

Господине Насер повелете.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Да, сакам да се дообраснам на забелешката на г. Пандов.

Проблемот е во тоа што на албански УЧК и за едното и за другото се вели и затоа тука може да се направи забуна (реакции во салата).

Дозволете да се искажам бре луѓе, еден сум тука.

На македонски се вели ОНА и нема проблем. Значи, разликата е точна и припадниците на УЧК од Косово, не учествувале, се согласувам со вас.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Има збор г. Филип Петровски.

**ФИЛИП ПЕТРОВСКИ:**

Може да кажам врз основа на што барам реплика. Врз основа на дискусијата на г. Зибери, во која што имаше одредени закани, во наша насока, па би кажал, ако може да реплицирам. Ако не може да реплицирам ќе се повлечам.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Повелете.

**ФИЛИП ПЕТРОВСКИ:**

Би сакал да не се правиме "на Тошо" пред македонската јавност. Знаеме што значи УЧК. Ако не знам на албански да ја кажам кратенката, меѓутоа "К" на крајот значи Косово, не значи Македонија. Ако не е така, нека излезе г. Зибери нека ми ја разложи кратенката.

Сакав нешто друго да кажам во врска со неговата дискусија што ја поврзувам со точката на дневен ред. Разговраме за референдум. Има два моменти што би сакал сега да ги истакнам.

Претседателот на државата доби изавстување од г. Ланге дека ОНА е разоружана. Или УЧК, како што сака да ја вика г. Зибери. Тоа значи дека ние од денеска можеме слободно да шетаме, да се најдеме на било која позиција во оваа држава, дека не можат да не пресретнат наоружани луѓе, дека нема наоружани терористи и дека ние можеме да одржиме референдум.

Од друга страна, она што најмногу сакам да истакнам или потенцирам, денеска имаме еден нов момент. Се повикувам на печатени медиуми. Дека СДСМ поведе иницијатива да се почнат дополнителни разговори за можна поинаква формулација на преамбулата.

Е сега, кога зборуваме дека референдум треба да се одржи за 60 денови, а имаме дополнителни разогови за кои што ќе треба време, ние цело време зборуваме за нови разговори, за нови фомрулации. Еве, денеска и СДСМ ни се придружува. Тоа значи дека навистина го добиваме, со изгласување на референдумот го добиваме потребното време да ги завршиме разговорите. Значи процесот нема да биде блокиран, туку ќе оди нормално. Затоа мислам дека нема да имам никаков проблем да се одржи референдум.

Сега, на крајот, за што и се јавив за дискусија, во однос на тие закани. Морам да ви кажам дека ни пет пари не давам за тие закани. Не може никој да излезе на оваа говорница и да каже - вие ако одржите референдум, ние ќе одржиме референдум. Ние нема да одржиме референдум. Ние, како Собрание ќе гласаме дали ќе има референдум или не. Секој оној кој надвор од Собранието сака да закажува референдум, се знае дека работи против интегритетот и сувереноста на државата. Согласно на тоа треба да се

реагира кон тој кој сака на таков начин да заговара референдум.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ.**

Господинот Сејфедин Харуни има збор.

Господинот Наќе Стојановски бара деловничка интервенција.

(пратеникот Столе Попов прашува врз основа на што добиваат реплика)

Кога ќе каже ќе видиме на што се однесува. Тој реплицира на дискусијата на г. Зибери.

Ве молам, колега Стојановски, повелете, баравте збор за процедурална интервенција.

**НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ:**

Господине потпретседателе,

Јас се извинувам пред малку за начинот на кој упаднав во дискусијата на господата тука. Но, навистина држам Собранието да работи легално. Ако е реплика е реплика. Ако е збор има правила за збор секој да си земе. Од тие причини јас сум легалиста и инсистирам Собранието да работи со кворум. Мислам дека подолго време, половина час не достига кворум во Собранието. Молам, како задолжен кој треба да го почитува и да го спроведува Деловникот, да утврдите услови за работа, согласно Уставот на Република Македонија. Благодарам.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Ви благодарам на приговорот.

Ги молам колегите кои сега излегоа, пред малку, да се вратат во салата, да ја следат работата.

Има збор г. Сејфедин Харуни.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Барам реплика...

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

На кого реплика?Дозволете да ви кажам, вие давате реплика на Насер.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Господине потпретседателе, дозволи ми малку и јас да се изјаснам за некои од забелешките што господата ...

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Добро, повелете г. Харуни.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Ете така. Дозволете ми.

Правниците знаат зошто го имаат предложено референдумот. Исто толку и е јасно кога се распишува референдум. Тука не сакам да навлагам, тоа е нивно поле. Меѓутоа, референдум, во моментов, сега кога се предлага од Нова демократија, а поддржана од ВМРО-ДПМНЕ, поддржана од ВМРО-ДПМНЕ се сака да се одржи состојбата во Република Македонија статус кво. Значи, не сте за Рамковниот договор, потпишан во Скопје, а усогласен во Охрид и за натаму да остане статус кво во Република Макеоднија.

Петте примери што ќе ги наведам тука, вие ќе се согласите.

Владата на Република Македонија толку запна за универзитетот на Југоисточна Европа, што благонаклонета, направи кобајаги еве за албанците направивме се. Триесет и четири господине Саво Климовски имате во двата универзитети во Република Макеоднија, настава на високо образование на македонски јазик. Не сум против што ги набројав овие. Во двата универзитета.

(Реакција од место)

Пандов, ова за тебе е шпанско село, не ги знаеш овие податоци.

Дозволи, дозволи лавче.

А, ниту еден не стана да каже зошто албанците се изјаснија за универзитетот во Тетово. Во двата универзитети имаме само по 200-300 ученици запишани секоја учебна година. 7,5%, наспроти македонските студенти што се запишуваат секоја година.

(дофрлање од место).

Второ, секаде во Западна Македонија нема град, нема менувачница, нема банка, натписите само на македонски јазик и некои од јазиците германски, италијански, француски, англиски итн., и покрај тоа што тоа население е 85%, 87%, 60 и повеќе проценти присутно во тие делови. Вие сакате статус кво, затоа што Рамковниот договор предвидува колку албанците во процент се присутни во Република Макеоднија толку да бидат прифатени и во системот, во институциите на државата.

(Реакции од место)

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Имате уште една минута, ве молам уште една минута.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Одиме понатаму.

Во Железниците на Република Макеоднија од вкупно вработените 4102 вработени наспроти само 237 албанци. Затоа сте вие против Рамковниот договор.

Одиме натаму. Во Министерството за надворешни работи вработени се вкупно 293 македонци, наспроти 24 албанци.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ**: (Продолжение)

Во Министерството за внатрешни работи вкупно вработени (реакција од некои од пратениците), престани, богати, знам дека воопшто немаш врска со ова што го кажувам. Врска немаш. Во Министерството за внатрешни работи од вкупно 9.800 вработени од албанската националност се само 176. Затоа, барате вие статус кво на состојбите. Немате храброст вие да придонесете и да го прифаќате Рамковниот договор.

Во Медицинскиот центар во Тетово ...

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Господине Сејфедине, веќе осум минути зборувате, Ве молам напуштете ја говорницата.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Господине, потпретседателе, јас како и секој друг сум побарал збор и допушти ми на оваа реплика на Саво Климовски да му одговорам, затоа што професорот е правник и доктор на правни науки, а не знае колку пати може да се ...

(реакција на пратениците).

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Ве молам Сејфедине, напуштете ја говорницата. Кога ќе добиете збор да дискутирате, ќе дискутирате, а ова сега е реплика.

Ве молам, дозволете една работа, ако сака некој да доаѓа овде да прави ...

па затоа и излегоа, поради вакво однесување.

Госпоѓица Радмила Шеќеринска.

**РАДМИЛА ШЕЌЕРИНСКА:**

Господине потпретседателе, најпрвин само една минута процедурално би сакала навистина сериозно да апелирам да почнете најпосле да ја водите седницата. Сметам дека и македонската јавност во моментов протестира против атмосферата која што доминира во ова Собрание веќе неколку дена, меѓутоа, денеска и во овие моменти кулминира. Сметам дека со својот несериозен пристап ви не помагате, туку само одмагате. Ја поттикнувате и стимулирате ваквата атмосфера. Овој бескраен низ на реплики е продуциран од фактот дека вие прифативте вака да работиме. И, кога тогаш апелиравме да се придржуваме на некој начин на работа, кој што ќе биде формализиран, вие тоа го одбивте. Денеска ја имаме оваа ситуација од која што се срамиме сите ние, кои што можеби не по своја вина сме ставени во вакво друштво. Меѓутоа, дури и ако ова не е доволно за вас, погледнете само во салата и ќе погледнете со колкав број на пратеници работите веќе повеќе од час или час и половина.

Мора да прифатите дека уставните одредби, без разлика дали некому му се допаѓаат или не, треба да не обврзат да ги почитуваме, а тоа е дека овдека, сепак, треба да има 61 пратеник за да работиме. Вие неколку пати се оглушувате на апелите да обезбедите кворум во салата, а ако тоа не сте во можност да го сторите, да ја прекинете седницата. Меѓутоа, ќе го искористам своето право, бидејќи земав збор, и за што вие очигледно немате намера да ја водите седницата онака како што треба, само накратко да реплицирам на една теза која што ја искажа неколку пати професорот Климовски, кој што очигледно е дека продолжува по праксата која што ја практикуваше две години додека беше во коалиција со ВМРО-ДПМНЕ, а тоа е да е доследен и до крај адвокат на ВМРО-ДПМНЕ. По аплаузите, по реакциите во салата се виде дека е тоа така и јас морам да му признам на професорот Климовски, да му дадам комплимент дека знае да ги бира клиентите. Тој знае каде се парите и таму го бира клиентот. Што се однесува до тезата која што неколку пати ја слушаме од неговата пратеничка група околу тоа кој е велепредавник во оваа држава и што претставува акт на велепредавство, јас би сакала повеќе да зборувам кога ќе ми дојде редот, а се надевам дека ќе ми дојде некогаш, но сега би сакала само да го кажам следното. Би сакала ако посакаат малку колегите да бидат пристојни, повеќе од тоа ниту очекуваме, ниту бараме. Значи, ако некој има право да прогласува велепредавници и велепредавнички актови, тоа сигурно не се мнозинството пратеници во ова Собрание. Можеби некои луѓе по 10, 15, 20 или 5 години и ќе имаат право да проценат кој направил велепредавнички чин во оваа држава. И, можеби тие ќе бидат во состојба да оценат дали било велепредавство тоа што бил потпишан Рамковниот договор или за него било гласано во ова Собрание или велепредавство била серијата на настани, серијата акции, серијата гласања во ова Собрание, кој што започна од вашата, а не од мојата тајна коалиција со ДПА која што ја криевте се до моментот додека не победивте на изборите во 1998 година, можеби ќе проценат дека велепредавство беше заминувањето на мисијата на УНПРЕДЕП, која што замина не по моја, туку по ваша вина. Понатаму, можеби ќе помислат дека дел од

велепредавството беше кога го бркавте и го замолчувавте претседателот Глигоров во оваа сала. Можеби ќе претпоставаат дека или ќе заклучат дека дел од велепредавството било кога ги аминувавте вие, а не јас трампите на македонските војници, кога вие, а не јас дозволивте господинот Насуфи да продолжи да биде министер за правда итн, итн.

Јас не сакам да кажам дета тоа било велепредавство. Меѓутоа, пред вие да носите оценки за нечиј велепредавнички однос и за нечиј велепредавнички статус, погледнете малку назад во претходните три години и бирајте ги зборовите, ако ништо повеќе. Сметам дека овој тип на дискусија, навистина, не му доликува на Собранието и покрај се она што се случува во последниве денови и апелирам, ако ништо друго да дискутираме за она што е на дневен ред. Точка на дневен ред беше референдумот, јас малку чув за тоа од вашата уста, наместо тоа вие се одлучивте повторно да иницирате нови расправи. Оние расправи за кои што вие велите и многу луѓе во оваа сала дека го уништуваат македонското национално единство. Еве ја салата, еве ја расправата, дајте да покажеме кој е и за што е.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Дозволете, секој ќе си добие свое.

(Реакција од пратениците).

Шеќеринска, на вас, навистина, не ви е место овде да седите. Едно треба да сфатите, една работа, единката се вклопува во средината, а не средината према единката. Вие сакате да бидете сите да бидат према вас. Дозволете, вие овде ми говорите дека правам циркус. Вие сте цел циркус. Да знаете една работа, повеќе кога ќе се јавите за реплика, ќе говорите за реплика и нема да правите друго. Ќе констатирам во овој момент дали има или нема мнозинство. Јас не можам да седам и вас да ве држам за столица. Вие станувате, одите и вие ваквото безобразие сакате да го препишете на мене. Еднаш сфатете дека овдека ако барате ред, морате да го почитувате. Јас кажувам на секој кој е по ред кога ќе говори, а вие секкогаш имате, немате ред, сакате, не сакате, кој ве знае што ќе кажете и кога. Вие се јавивте за реплика на Саво, а се однесувате на мене. Јас не ви кажав ниеден збор.

Господине Климовски повелете.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Бидејќи, јас бев спомнат, инаку немав намера да кажам, меѓутоа, знаете што, имам малку поголемо политичко и животно искуство и на госпоѓицата Шеќеринска, ќе можам овој излив на дотирање во однос на професорот да го земам како неискуство, а се работи за следново. Политичкиот морал кој што јас го застапував овде во Парламентот беше во согласност со волјата на граѓаните. Јас сакам само да ја потсетам госпоѓицата Шеќеринска дека ние заедно со ВМРО-ДПМНЕ бевме коалиција за промени пред изборите. И, дека секој пратеник овде ги доби гласовите и за едната партија, и за ВМРО-ДПМНЕ и за Демократска алтернатива. Се до оној момент додека ние бевме коалиција, јас и коректно се однесував према коалиционите партнери. Оној момент која ние се разидовме, на културен и фин начин тоа го кажавме. Но, јас сега поставувам прашање, кој е политичкиот морал на една партија која што беше поразена, која што го нема мандатот на граѓаните да состави влада, да учествува на наше место во владата, значи, едвај чекале ние да излеземе, за да можат тие да влезат и да ја формираат коалицијата за национално единство. Па, ќе ве молам, тогаш каде е политичкиот морал. Еве, тоа сакав да го кажам. (Аплауз).

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Сега, ќе ве замолам, ако навистина, во овој момент имаме 46 пратеници, ако немаме доволен број на пратеници, јас во овој момент ќе ја прекинам седницата.

Една работа, нека некој мисли дека кога крои на друг дека може во кројот да влезе сам. Нема услови за работа.

Ја прекинувам седницата.

Ќе продолжиме утре во 11,00 часот.

(Седницата прекина со работа во 18,30 часот).